ПИКА АРХИТЕКТ

Урбанистички Проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела на дел од КП.389, КО. Желино вон гр., за изградба на објект со намена Г2.1 – Зграде од лесната градежна индустрија – складови и магацини

Општина Желино

Техн.бр. УП – 03 - 2022

Јули - 2023

ДРУШТВО ЗА ГРАДЕЖНИШТВО И АРХИТЕКТОНСКИ УСЛУГИ (ЕКСПОРТ-ИМПОРТ)
JNA.37/1-3 TETOVO
pikatet@gmail.com
+389 70 861 875

ПРЕДМЕТ:

Урбанистички Проект вон опфат на Урбанистички план за формирање на градежна парцела на дел од КП.389, КО. Желино вон гр., за изградба на објект со намена Г2.1 – Згради од лесната градежна индустрија – складови и магацини –Општина Желино

ИЗРАБОТУВАЧ: „ПИКА АРХИТЕКТ“ ДООЕЛ ТЕТОВО

НАРАЧАТЕЛ: ШЕФКИ УСЕИНИ - с.Желино- Тетово

ДОНЕСУВАЧ: ОПШТИНА ЖЕЛИНО

ТЕХНИЧКИ БРОЈ: УП-03-22

ОДГОВОРЕН ПЛАНЕР: Д.И.А. ХАМДИ СУЛЕМАНИ

ДАТА : Јули 2023

УПРАВИТЕЛ:
арх.ЗЕМРИ СУЛЕМАНИ

С О Д Р Ж И Н А

А. ПРОЕКТЕН ДЕЛ

I. ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

1. ПОВРШИНА И ОПИС НА ГРАНИЦИТЕ НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ СО ГЕОГРАФСКО И ГЕОДЕТСКО ОДРЕДУВАЊЕ НА НЕГОВОТО ПОДРАЧЈЕ

2. ИСТОРИЈАТ НА ПЛАНИРАЊЕТО И УРЕДУВАЊЕТО НА ПОДРАЧЈЕТО ВО БЛИЗИНА НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ И НЕГОВАТА НЕПОСРЕДНА ОКОЛИНА ДОКОЛКУ ТАКОВ ПОСТОИ

3. ПОДАТОЦИ ЗА ПРИРОДНИ ЧИНИТЕЛИ КОИ МОЖАТ ДА ВЛИЈААТ НА РАЗВОЈОТ НА ПОДРАЧЈЕТО ВО РАМКИТЕ НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ НА ПРОЕКТНИ РЕШЕНИЈА И НА НИВНОТО СПРОВЕДУВАЊЕ: географски, геолошки, геомеханички, сеизмички, климатолошки, хидрографски, хидролошки податоци, природни ресурси, заштитени екосистеми и др.

• Географски податоци
• Геолошки податоци
• Геомеханички податоци
• Сеизмички податоци
• Климатолошки карактеристики
• Хидрографски и Хидролошки податоци

4. ПОДАТОЦИ ЗА СОЗДАДЕНИ ВРЕДНОСТИ И ЧИНИТЕЛИ КОИ ЈА СИНТЕТИЗИРААТ СОСТОЈБАТА НА НАЧИНОТ НА ЧОВЕКОВАТА УПОТРЕБА НА ЗЕМЈИШТЕТО ВО РАМКИТЕ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ: културно, историски, демографски, економски, стопански, сообраќајни, социјални и други чинители

5. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА: ЗЕМЈИШТЕТО ВО ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ, ИЗГРАДЕНИОТ ГРАДЕЖЕН ФОНД, ВКУПНА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА И ИНСТАЛАЦИИ ВО РАМКИ НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

6. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ГРАДБИ СО РЕЖИМ НА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО, ПОСТОЈНИ СПОМЕНИЧКИ ЦЕЛИНИ, КУЛТУРНИ ПРЕДЕЛИ И ДРУГО

7. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ИЗГРАДЕНАТА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА: СООБРАЌАЈНИТЕ, ЕЛЕКТРИЧНИТЕ, КАНАЛИЗАЦИСКИТЕ, ВОДОВОДНИТЕ, ПОШТЕНСКИТЕ, ГАСОВОДНИТЕ, ТОПЛОВОДНИТЕ, ТЕЛЕФОНСКИТЕ И ДРУГИ ВОДОВИ И ОБЈЕКТИ

Електрика
Водовод и канализација
Телекомуникациска инфраструктура
АЕК – Скопје
Сообраќај
Гасовод
Дирекција за заштита и спасување

8. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРОЕКТНИОТ КОНЦЕПТ НА
УРБАНИСТИЧКОТО РЕШЕНИЕ ВО РАМКИ НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

8.1. Градба и основна класа на намена

Намена на површини

8.2. Внатрешни сообраќајници и начин на обезбедување на потребен број на паркинг места
8.3. Партерно решение со хортикултура
8.4. Водови и инсталации на инфраструктура

9. ДЕТАЛНИ УСЛОВИ ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ И ГРАДЕЊЕ

9.1. Детални услови со нумерички показатели за проектниот опфат
9.2. Детални услови за проектирање и градење со нумерички показатели за
градежна парцела

10. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА

10.1. Мерки за заштита и специфични услови и уредување на плански опфати
10.2. Мерки за заштита на животна средина и природата
 Заштита на воздухот
 Заштита од бучава
 Заштита на води
 Заштита на земјиштето во загрозени подрачја
10.3. Мерки за заштита од свлечишта
10.4. Мерки за заштита од пожари
10.5. Засолнување
10.6. Мерки за заштита и спасување од поплави
10.7. Мерки за заштита и спасување од урнатини
10.8. Мерки за заштита на културно наследство
10.9. Мерки за обезбедувањ услови за движење на лица со инвалидитет

11. ПРИЛОЗИ КОН ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ
• Добиени податоци и информации согласно член 47 од закон за
урбанистичко планирање
• Извештај од извршена стручна ревизија
• Геодетски елаборат за ажурирана геодетска подлога

II. ГРАФИЧКИ ДЕЛ НА УРБАНИСТИЧКИОТ ПРОЕКТ:
- ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

1. Услови за планирање на просторт, кои ги содржат планските одредби што
се однесуваат на проектниот опфат, презентирани на графички, текстуален и
нумерички начин

2. Ажурирана геодетска подлога со нанесен проектен опфат.....M=1:1000

3. Карта на изградениот градежен фонд, вкупна физичка супраструктура во
проектниот опфат.....M=1:1000

4.Инвентаризација на изградената комунална инфраструктура
сообраќајните, електрични целини, канализациските, водоводните,
поштенските, гасоводните, топловодните, телефонските и другите водови и
објекти.....M=1:1000

- УРБАНИСТИЧКО РЕШЕНИЕ

1. Урбанистичко решение за проектниот опфат.....M=1:1000
2. Внатрешен и стационарен сообраќај; нивелманско решение.....M=1:1000
3. Партерно уредување со хортикултура.....M=1:1000
4. Приклучни точки за сите водови и градби на инфраструктура.....M=1:1000
5. Синтезен план.....M=1:1000

Б. П Р О Е К Т Е Н Д Е Л

III. ГРАФИЧКИ ДЕЛ СО ИДЕЈНИ АРХИТЕКТОНСКИ ПРОЕКТНИ ДОКУМЕНТАЦИИ

ОПШТ ДЕЛ

ПРАВНИ ДОКУМЕНТИ

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Трговски регистар и регистар на други правни лица

www.crm.com.mk

Број: 0805-50/155020230053765

Датум и време: 22.5.2023 г. 12:46:44

Дигитално потпишан од: CRRSM
Централен Регистар на Република Северна Македонија
Датум и час на потпишување: 22.05.2023 во 12:46:54
Издавач на сертификатот: KIBSTrust Issuing Qsig CA G2
Сертификатот е валиден до: 07.11.2024
Документот е дигитално потпишан и е правно валиден

/Електронски издаден документ/

ТЕКОВНА СОСТОЈБА

ПОДАТОЦИ ЗА СУБЈЕКТОТ	
ЕМБС:	7116241
Целосен назив:	Друштво за градежништво и архитектонски услуги ПИКА АРХИТЕКТ ДООЕЛ експорт –импорт Тетово Shoqeri per sherbime arkitektonike dhe ndertimore PIKA ARKITEKT SHPKNJ eksport-import Tetove
Кратко име:	ПИКА АРХИТЕКТ ДООЕЛекспорт-импортТетово PIKA ARKITEKT SHPKNJeksport-importTetove
Седиште:	ЈНА бр.37/1-3 ТЕТОВО, ТЕТОВО
Вид на субјект на упис:	ДООЕЛ
Датум на основање:	1.4.2016 г.
Времетраење:	неограничено
Деловен статус:	Активен
***Вид на сопственост:**	Приватна
ЕДБ:	4028016528737
Потекло на капиталот:	Домашен
Големина на субјектот:	мал
Организационен облик:	05.4 - друштво со ограничена одговорност основано од едно лице
Надлежен регистар:	Трговски Регистар

ОСНОВНА ГЛАВНИНА	
Паричен влог EUR:	0,00
Непаричен влог EUR:	5.000,00
Уплатен дел EUR:	5.000,00
Вкупно основна главнина EUR:	5.000,00

СОПСТВЕНИЦИ	
Име и презиме/Назив:	ЗЕМРИ СУЛЕМАНИ
Адреса:	МАРА ИСАЕВА бр.2А ТЕТОВО, ТЕТОВО
Тип на сопственик:	Основач/сопственик
Паричен влог EUR:	0,00
Непаричен влог EUR:	5.000,00
Уплатен дел EUR:	5.000,00
Вкупен влог EUR:	5.000,00
Вид на одговорност:	Не одговара

ДЕЈНОСТИ	
Приоритетна дејност/ Главна приходна шифра:	71.11 - Архитектонски дејности
ОПШТА КЛАУЗУЛА ЗА БИЗНИС	
Евидентирани се дејности во надворешниот промет	

ОВЛАСТУВАЊА	
Управител	
Име и презиме:	ЗЕМРИ СУЛЕМАНИ
Адреса:	МАРА ИСАЕВА бр.2А ТЕТОВО, ТЕТОВО
Овластувања:	управител високо образование - архитект
Тип на овластување:	Неограничени овластувања во внатрешниот и надворешниот промет
Овластено лице:	Управител

ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ	
КОНТАКТ	
E-mail:	pikatet@gmail.com

Напомена:
Во тековната состојба прикажани се само оние податоци за кои има запишана вредност.

*Видот на сопственоста се определува врз основа на својството на основачот/содружникот /сопственикот и служи исклучиво за статистички цели на Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија

Правна поука: Против овој реален акт може да се изјави приговор до Централниот регистар на Република Северна Македонија во рок од 8 дена од денот на приемот.

Број: 0805-50/155020230053765

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Трговски регистар и регистар на други правни лица

www.crm.com.mk

Број: 0809-50/155020230056440
Датум и време: 29.5.2023 г. 13:55:09

Дигитално потпишан од: CRRSM
Централен Регистар на Република Северна Македонија
Датум и час на потпишување: 29.05.2023 во 13:55
Издаден на сертификатот: KIBSTrust Issuing Qualified CA G2
Сертификатот е валиден до: 07.11.2024
Документот е дигитално потпишан и е правно валиден

/Електронски издаден документ/

ПОТВРДА

за регистрирана дејност

ТЕКОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА СУБЈЕКТОТ	
ЕМБС:	7116241
Назив:	Друштво за градежништво и архитектонски услуги ПИКА АРХИТЕКТ ДООЕЛ експорт –импорт Тетово Shoqeri per sherbime arkitektonike dhe ndertimore PIKA ARKITEKT SHPKNJ eksport-import Tetove
Седиште:	ЈНА бр.37/1-3 ТЕТОВО, ТЕТОВО

ПОДАТОЦИ ЗА РЕГИСТРИРАНА ДЕЈНОСТ	
Предмет на работење:	Регистрирана е општа клаузула за бизнис
Приоритетна дејност/ главна приходна шифра:	71.11 - Архитектонски дејности
Други дејности во внатрешниот промет:	Нема
Евидентирани дејности во надворешниот промет:	Има
Одобренија, дозволи, лиценци, согласности:	Нема

Правна поука: Против овој реален акт може да се изјави приговор до Централниот регистар на Република Северна Македонија во рок од 8 дена од денот на приемот.

Република Северна Македонија

МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

Republika e Maqedonisë së Veriut

MINISTRIA E TRANSPORTIT DHE E LIDHJEVE

Врз основа на член 38 став (1) и член 16 став (2) од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија" бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14,149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16,35/18, 64/18, 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" 244/19, 18/20 и 279/20), Министерството за транспорт и врски издава

Në bazë të nenit 38 paragrafi (1) dhe nenit 16 paragrafi (2) të Ligjit të Ndërtimit ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18 dhe „Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut 244/19, 18/20 dhe 279/20), Ministria e Transportit dhe e Lidhjeve lëshon

Л И Ц Е Н Ц А

ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ НА ГРАДБИ ОД ПРВА КАТЕГОРИЈА

L I C E N C Ë A

PËR PROJEKTIMIN E NDËRTIMEVE TË KATEGORISË SË PARË

на/për

Друштво за градежништво и архтектонски услуги
ПИКА АРХИТЕКТ ДООЕЛ експорт-импорт Тетово

Shoqëri për shërbime arkitektonike dhe ndërtimore
PIKA ARHITEKT SHPKNJ eksport-import Tetovë

(назив, седиште, адреса и ЕМБС на правното лице) (emri, selia, adresa dhe NVAS i personit juridik)

ЈНА бр.37/1-3 ТЕТОВО, ТЕТОВО
JNA br.37/1-3 TETOVË, TETOVË
ЕМБС/NVAS: 7116241

ЛИЦЕНЦАТА Е СО ВАЖНОСТ ДО
LICENCA VLEN DERI MË 01.09.2029

Број/Numër II.502/A - P.502/A
01.09.2022 година

ден, месец и година на издавање) (dita, muaji dhe viti i lëshimit)

МИНИСТЕР/ MINISTRI

Благој Бочварски

Врз основа на Законот за Урбанистичко планирање (Службен весник на Р.С.Македонија број 32/20) и Правилникот за урбанистичко планирање (Службен весник на Р.С.Македонија бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23) а во врска со изработка на Урбанистички Проект вон опфат на Урбанистички план за формирање на градежна парцела на дел од КП.389, КО. Желино вон гр., за изградба на објект со намена Г2.1 – Згради од лесната градежна индустрија – складови и магацини –Општина Желино , Друштво за градежништво и архитектонски услуги ПИКА АРХИТЕКТ ДООЕЛ експорт- импорт Тетово го донесува следното:

Друштво за градежништво и архитектонски услуги ПИКА АРХИТЕКТ ДООЕЛ експорт-импорт Тетово,врз основа на службен весник на Р.М. бр.130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/13, 25/13, 79/13 и 80/13, член 58, став 6 го донесува следното:

РЕШЕНИЕ

за одредување на одговорен планер

За одговорен планер за изработка на Урбанистички Проект вон опфат на Урбанистички план за формирање на градежна парцела на дел од КП.389, КО. Желино вон гр., за изградба на објект*, со намена*

Г2.1 – Згради од лесната градежна индустрија – складови и магацини – Општина Желино

со тех.број УП-03-2022, се одредува

ОДГОВОРЕН ПЛАНЕР

АРХИТЕКТ
Д.И.А ХАМДИ СУЛЕМАНИ со овластување бр: 0.0700

ИМЕНУВАНИТЕ СЕ ДОЛЖНИ ПРИ ИЗРАБОТКА НА ПРЕДМЕТНАТА ТЕХНИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ДА СЕ ПРИДРУЖУВААТ НА НАЈНОВИТЕ ТЕХНИЧКИ ПРОПИСИ, НОРМАТИВИ И СТАНДАРДИ.

Управител

Тетово, Јули 2023

_____

ЗЕМРИ СУЛЕМАНИ, АРХ.

SHOQËRI PËR SHËRBIME ARKITEKTONIKE DHE NDËRTIMORE (EKSPORT-IMPORT)
ДРУШТВО ЗА ГРАДЕЖНИШТВО И АРХИТЕКТОНСКИ УСЛУГИ (ЕКСПОРТ-ИМПОРТ)
JNA.37/1-3 TETOVO
pikatet@gmail.com
+389 70 861 875

Република Северна Македонија
КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

Врз основа на член 16 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија" бр. 199 од 30.12.2014, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18, 168/18) Комората на овластени архитекти и овластени инженери издава

ОВЛАСТУВАЊЕ

ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ОДНОСНО ПЛАНЕР-ПОТПИСНИК НА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

на

ХАМДИ СУЛЕМАНИ

дипломиран инженер архитект

со подмирување на членаринатa за секоја тековна година
овластувањето важи до: 01.06.2025 год.

Број: 0.0700

Издадено на 02.06.2020 год.

Претседател на
Комората на овластени архитекти
и овластени инженери

Проф. д-р Миле Димитровски
дипл.маш.инж.

ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

1. ПОВРШИНА И ОПИС НА ГРАНИЦИТЕ НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ СО ГЕОГРАФСКО И ГЕОДЕТСКО ОДРЕДУВАЊЕ НА НЕГОВОТО ПОДРАЧЈЕ

Урбанистички Проект вон опфат на Урбанистички План за формирање на градежна парцела на дел од КП.389, КО. Желино вон гр., за изградба на објект со намена Г2.1 – Згради од лесната градежна индустрија – складови и магацини, се работи согласно член 58 став 6, од Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр. 32/20). Согласно член 58 од Правилникот за урбанистичко планирање (Службен весник на Р.С.Македонија бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23). Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план, се изработува за поединачни градби, комплекси на градби и инфраструктури од државно и локално значење вон населени места и вон опфат на урбанистички планови, и тоа на земјоделско, шумско и друго земјиште крајбрежни појаси и други простори за коишто не постојат услови или економска оправданост за донесување на урбанистички план согласно Законот за урбанистичко планирање.

Предметниот Урбанистички Проект вон опфат на Урбанистички План за формирање на градежна парцела на дел одо КП.389, КО. Желино вон гр., за изградба на објект со намена Г2.1 – Згради од лесната градежна индустрија – складови и магацини, и истата е со вкупна површина од П= 3581м² по имотен лист како заокружена вредност, или согласно Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени Ажурирана геодетска подлога изработена од ГЕОПЛАН - ЈФ ДООЕЛ од Тетово, со заверка на елаборат — 07-427/3 од 08.08. 2022 година и заверка во АКН Скопје со број 1110-118/2022 од 08.08.2022

Површина: 3578.15м^2
Обиколка: 280.23м'

1. X=7506080.9600 Y=4650173.9700
2. X=7506080.3400 Y=4650179.4900
3. X=7506036.0700 Y=4650176.0000
4. X=7505999.3700 Y=4650173.5200
5. X=7505989.7500 Y=4650172.4900
6. X=7505984.8200 Y=4650171.9100
7. X=7505981.1800 Y=4650158.5100
8. X=7505976.7600 Y=4650138.5900
9. X=7505991.7900 Y=4650138.1900
10. X=7506008.8900 Y=4650139.8600
11. X=7506038.3200 Y=4650141.0500
12. X=7506038.9000 Y=4650143.1800
13. X=7506060.3800 Y=4650142.8600
14. X=7506070.0815 Y=4650142.7451
15. X=7506070.0852 Y=4650142.9582
16. X=7506072.1748 Y=4650142.9218
17. X=7506084.9400 Y=4650142.7000
18. X=7506084.9603 Y=4650142.5688
19. X=7506087.1999 Y=4650142.5423
20. X=7506087.1800 Y=4650142.7000

Катастарската парцела број 389, се граничи со следни катастарски парцели:

- На север со КП. бр. 391 и 390 ;
- На исток со КП. бр. 2201 - Асфалтиран пат – Сиричино - Желино;
- На југ со КП.бр. 564/2 и 566;
- На запад со КП. бр. 2223/1

2. ИСТОРИЈАТ НА ПЛАНИРАЊЕТО И УРЕДУВАЊЕТО НА ПОДРАЧЈЕТО ВО БЛИЗИНА НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ И НЕГОВАТА НЕПОСРЕДНА ОКОЛИНА

Подрачје на предметниот проектен опфат и неговата непосредна околина не е урбанизирано земјиште, ниту пак било предмет на урбанизација. Поради тоа за истиот предмет на дел од КП.389, КО. Желино вон гр., за изградба на објект со намена Г2.1 – Згради од лесната градежна индустрија – складови и магацини, Општина Желино, се користат Услови за планирање со тех. Бр. Y14716 за изработка на Урбанистички план за село Желино и Решение за истите со број УП1-15 550/2016 од 14.10.2016 година, издадено од Министерство за животна средина и просторно планирање - Скопје, исто така и мислење со арх. Бр. 15-81/6 од 26.04.2023год. издадено од Министерство за животна средина и просторно планирање – Скопје со која се потврдува дека условите воедно ќе представуваат и основа за изработка на истиот. Основни смерници за изработка на Урбанистички проект вон градежен опфат представуваат заклучни согледувањакои се составен дел на Услови за планирање на просторот. При изработката на предметната документација, треба да се имаат предвид следните поединечни заклучни согледувања од секторските области опфатени со Просторниот план:

Економски основи на просторниот развој

- Реализација на документацијата со Г2.1 – Згради од лесната градежна индустрија – складови и магацини, Општина Желино, ќе биде во функција на развој на лесната и незагадувачката индустрија односно магацини и складови и позитивно влијаније во локалната економија согласно определбите од "Просторниот план на Република Македонија" треба да базира на законитостите на пазарната економија и примена на релевантната законска регулатива од областа на заштитата на животната средина, особено превенција и спречување на негативните влијанија врз животната средина со цел одржлив развој и елиминирање на екстерналиите.

Користење и заштита на земјоделско земјиште

Согласно Просторниот план на Република Македонија, просторот на РМ е **поделен во 6 земјоделско-стопански реони и 54 микрореони.**

Предметната локација припаѓа на **западниот земјоделско стопански реон** со 7 микрореони.

-При изработка на планската документација, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредување на нормите и стандарди за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното огрни чување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

-**Во рамките на заштитните зони на изворот Рашче во доменот на полјоделството и сточарството потребно е да се имплементираат специфичните мерки дефинирани со "Просторниот план на заштитните зони на изворот Рашче.**.

Водостопанство и водостопанска инфраструктура

Во сливот на р. Вардар (од изворот до вливот на р. Пчиња, без р. Треска) регистрирани се 19 извори од кои најзначаен е изворот Рашче со штедрост Qср/год=4,15 m3/s. Од изворот Рашче се водоснабдува градот Скопје и приградските населби во регионот.

Врз основа на “Експертиза за одредување на заштитните зони на изворот ”Рашче” донесена е “Одлука за утврдување на заштитните зони на изворот Рашче и определување на мерките за заштита” (“Службен весник на СРМ” бр. 36/1990) со која се утврдени три заштитни зони: прва зона (зона на санитарно ограничување), втора зона (зона на хигиенско епидемиолошко ограничување и следење) и трета заштитна зона (зона на хигиенско епидемиолошко следење и набљудување);

- Планскиот опфат на селото Желино зафаќа простор во сите три заштитни зони. Ви сите три зони дефиниран е режимот на користење на земјиштето.
- Во првата заштитна зона на изворот (зона на санитарно ограничување) се забранува:
- Градење на објекти и изведување на работи, експлоатација на песок, чакал и друго од коритата и бреговите на природните водотеци, користењето на земјиштето на начин и обем со кои се загрозуваат природните вредности на земјиштето, квалитетот, количеството и режимот на површинските и подземните води;
- Експлоатација на минерални суровини се дозволува доколку со стручна експертиза се докаже дека нема штетно влијание врз подземните водоносни слоеви;
- Изградба на фарми за стока и живина;
- Неконтролиран транспорт, складирање и користење на течности кои по својот состав се опасни за подземните водоносни слоеви (нафта и нејзини деривати, токсични материи и друго);

- Испуштање или складирање на масла, токсични и радиоактивни материи;
- Депонирање на отпадни материи и смет;
- Кампирање и друг вид на организирано задржување на луѓе.

Во првата заштитна зона на изворот Рашче е задолжително:

- Пречистување на отпадните води. Отпадните води пред да се испуштат во реципиентот мора да бидат подложени на третман на пречистување;
- Перманентна контрола на постојни бензински пумпи;
- Регулација на р. Вардар на делници загрозени од плавење;
- Санирање на деградирани површини од екплоатација на песок и чакал на речните брегови;
- Одржување на крајбрежна вегетација за заштита од ерозивен нанос.
- Во оваа зона може да се врши пошумување.
- Обработката на земјоделското земјиште на досега освоените површини и примена на природно и вештачко ѓубриво, како и употреба на хемиски средства за заштита на растенијата може да се врши само со посебно одобрение и упатство од органот на управата надлежен за работите во земјоделството, шумарството и водостопанството.
- Во постојните селски населби во оваа зона може да се врши екстензивно сточарење, ратарење и други функции и изградба на објекти само во согласност со урбанистички планови изработени според критериумите кои ги налага оваа зона.

Во втората заштитна зона (зона на хигиенско епидемиолошко ограничување и следење)на изворот се забранува:

- Експлоатација на песок, чакал и друго од коритата и бреговите на природните водотеци, користењето на земјиштето на начин и обем со кои се загрозуваат природните вредности, квалитетот, количеството и режимот на површинските и подземните води;
- Експлоатација на минерални суровини се дозволува доколку со стручна експертиза се докаже дека нема штетно влијание врз подземните водоносни слоеви;
- Користење на земјиштето на начин и обем со кој се загрозуваат природните вредности, квалитетот, количеството на водите и режимот на површинските и подземните води;
- Депонирање и исфрлање на отпадни материи и смет надвор од организирани, обезбедени и контролирани депонии;
- Испуштање на масла, токсични и радиоактивни материи;
- Испуштање на непречистени отпадни води во водотеци и подземјето. Испуштањето на отпадните води во површинските водотеци се дозволува после нивниото пречистување според критериумите за водотеци од II категорија.
- Во оваа зона се дозволува пошумување и користење на земјиштето за земјоделско производство со примена на вештачки и природни ѓубрива и употреба на хемиски заштитни средства кои не содржат неразградливи отровни и штетни материи.
- Во третата заштитна зона (зона на хигиенско епидемиолошко следење и набљудување) се налага:
- Користење на земјиштето на начин и обем со кој се загрозуваат квантитетот, квалитетот и режимот на површинските и подземните води;
- Примена на пропишани услови за испуштањето на отпадните води во отворени водотеци од II класа на местото на испуштање во непосредниот дел на сливот на реката Варда низводно од Гостивар.
- При користење на земјиштето во сливното подрачје на реката Вардар, спротиводно од изворот Рашче, кое може да има негативновлијание врз животната средина, да се направи проценка на потребата од утврдување на влијанијата врз животната средина.

Обезбедувањето на потребните количина на вода за објектот треба да биде во насока на синкронизирана изградба на водостопански објекти со кои ке се овозможи повеке корисници да се снабдуваат со квалитетна вода, рационално и економско користење на истата.

Енергетика и енергетска инфраструктура

- Локацијата со намена Г2.1 – Згради од лесната градежна индустрија – складови и магацини, Општина Желино ,

нема конфликт со постојните и планирани преносни и конективни водови.
- За новите корисници потребно е да обезбеди сигурно и непрекинато снабдување со електрична енергија со напон кој ќе биде во дозволените граници.

Урбанизација и мрежа на населби
Планскиот опфат со намена Г2.1 – Згради од лесната градежна индустрија – складови и магацини, Општина Желино, би требало да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост, повисок квалитет на услугите во окружувањето, како и уреденост на просторот сето тоа базирано врз принципите на одржлив развој како и максимално почитување и вградување на нормативите и стандарди за заштита на животната средина.

Јавни функции
- Планскиот опфат со намена намена Г2.1 – Згради од лесната градежна индустрија – складови и магацини, Општина Желино, нема препораки и обврски за организација на јавни функции (образование, здравство, социјала и спорт и рекреација), што значи дека се исклучени и можностите за било каков конфликт помеѓу два типа на функции.

Сообраќајна инфраструктура
-Според Просторниот план на Република Македонија (2002 - 2020 г.) автопатската и магистрална патна мрежа релевантна за предметниот простор е:
-Е-65 што се поклопува со делови од магистралните патишта М-3, М-4 и М-5 - (СР – Блаце – Скопје – Тетово – Кичево – Требеништа - Охрид- Битола – Меџитлија - ГР) коридор за патен сообраќај во насока север-југ М-4 - (АЛ-Ќафа Сан-Струга-Кичево-Скопје-Миладиновци-М-1)
-Врз основа на Одлуката за категоризација на државните патишта („Службен весник на Република Македонија" број 133/11, 150/11 и 20/12) овој магистрален патен правец се преименува со ознаката:
А2 - (Граница со Бугарија - ГП Деве Баир - Крива Паланка - Страцин - Романовце - Куманово - Миладиновце - обиколница Скопје - Тетово - Гостивар - Кичево - Требениште - Струга - граница со Албанија – ГП Ќафасан)
- При планирање да се почитува Законот за јавни патишта („Службен весник на Република Македонија" број 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16 и 71/16).

Заштита на природно наследство
- Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија, на просторот кој е предмет на разработка на Урбанистички план за село Желино, општина Желино, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.
- Доколку при изработка на Урбанистичкиот план за село или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита на природното наследство согласно Законот за заштита на природата.

Заштита на културно наследство
- Доколку при изведувањето на земјаните работи се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со постоечката законска регулатива, односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство.
-Согласно податоците од Експертниот елаборат за заштита на културното наследство и Археолошката карта на Р. Македонија при изработка на планска документација од пониско ниво да се утврди точната локација на евидентираното културно наследство и во таа смисла да се применат соодветните плански мерки за заштита на истото.

Туризам и организација на туристички простори
- Предметната локација припаѓа на Шарско-Полошки туристички регион со 3 туристички зони и 14 туристички локалитети. Низ ова подрачје минува и Транзитниот туристички коридор.
- Согласно поставките на Концептот и критериумите за развој и организација на туристичката дејност, за непречен развој на вкупната туристичка понуда на ова подрачје, се препорачува, при идната организација на стопанските дејности да се почитуваат
критериумите за заштита и одржлив економски развој.

3. ПОДАТОЦИ ЗА ПРИРОДНИ ЧИНИТЕЛИ КОИ МОЖАТ ДА ВЛИЈААТ НА РАЗВОЈОТ НА ПОДРАЧЈЕТО ВО РАМКИТЕ НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ НА ПРОЕКТНИ РЕШЕНИЈА И НА НИВНОТО СПРОВЕДУВАЊЕ:

Природните карактеристики на едно подрачје претставуваат збир на вредности и обележја создадени од природата, а без учество и влијание на човекот. Тие ги опфаќаат: географската и геопрометната положба на подрачјето, релјефните карактеристики, геолошките, педолошките, хидрографските, сеизмичките, климатските и други карактеристики на подрачјето.
Предметната локација се наоѓа северно-источната страна од Тетово.
Ова подрачје е под влијание на контитентална средоземна клима. Тука се судруваат континтенталната клима од север и медитеранската од југ, чие влијание е ослабено. Основни карактеристики се остри и влажни зими како и суви и жешки лета.
Теренот е изложен на северни и североисточни ветрови, а во летниот период и на локални ветрови од Скопска Црна Гора. Со најголема честина е северниот ветар од 142%, па североисточниот ветар со честина од 120%, Југоисточниот 114%, јужниот 82%, северозападниот 81%, западниот 74% и источниот со честина од 56%.
Температурите на воздухот се со идентични вредности како во целото Скопско Поле, минимални се во јануари, а максимални во јули. Треба да се напомене дека со покачување на надморската височина за секои 100 метри, се намалува температурата на воздухот за 0.6°C. Просечната годишна температура изнесува 12°C, просечната годипна максимална темптература изнесува 18°C,а минималната 6°C. Поради поголемата проветреност маглите се појавуваат просечно околу 50 денови и се карактеристични утринските мразеви до крајот на април. Вкупните просечни годишни врнежи се движат околу 504мм со максимум во ноември и мај. Сушниот период трае од јули до септември со честа појава на сушни периоди подолги од 60 дена. Просечен број на ведри денови во текот на годината има 86, облачни денови 184, а тмурни денови 95. Релативната влажност на воздухот изнесува 70%.
Според инженерско-геолошките услови теренот, според стабилсноста, е категоризиран како претежно нестабилен каде се можни појави на сите деформации во природни услови или при делувањето на човекот.

4. ПОДАТОЦИ ЗА СОЗДАДЕНИ ВРЕДНОСТИ И ЧИНИТЕЛИ КОИ ЈА СИНТЕТИЗИРААТ СОСТОЈБАТА НА НАЧИНОТ НА ЧОВЕКОВАТА УПОТРЕБА НА ЗЕМЈИШТЕТО ВО РАМКИТЕ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

Анализата неопходна за утврдување на можностите и погодностите за развој ги опфаќа следниве елементи: културните, историските, демографски, економски, стопански, сообраќајни, социјални и други чинители и други податоци од значење за создадени чинители.
Во граница на проектниот опфат не постојат податоци за создадени вредности и чинители кои ја синтетизираат состојбата на употреба на земјиштето во рамки на проектен опфат.

5. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА: ЗЕМЈИШТЕТО ВО ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ, ИЗГРАДЕНИОТ ГРАДЕЖЕН ФОНД, ВКУПНА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА И ИНСТАЛАЦИИ ВО РАМКИ НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

Во проектниот опфат со локација на КП.389, КО Желино вон гр. - Општина Желино е извршена инвентаризација на снимен изграден градежен фонд, вкупна физичка супраструктура и инфраструктура, врз основа на теренска скица од изработен геодетски елаборат за ажурирана геодетска подлога, добиените податоци и информации од надлежни субјекти и увид на терен кој е прикажан во геодетскиот елаборат за геодетски работи за посебни намени - Ажурирана геодетска подлога изработена од ГЕОПЛАН - ЈФ ДООЕЛ од Тетово, со заверка на елаборат — истите во рамките на проектниот опфат нема постоен објект.

6. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ИЗГРАДЕНАТА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА: СОБРАКАЈНИТЕ, ЕЛЕКТРИЧНИТЕ, КАНАЛИЗАЦИСКИТЕ, ВОДОВОДНИТЕ, ПОШТЕНСКИТЕ, ГАСОВОДНИТЕ, ТОПЛОВОДНИТЕ И ТЕЛЕФОНСКИТЕ И ДРУГИ ВОДОВИ И ОБЈРКТИ.

Инвентаризација на снимен изграден градежен фонд и вкупна физичка супраструктура
Во рамките на проектниот опфат на овој Урбанистички проект нема постоен објект, што е констатирано при вршењето на инвентаризација на снимен изграден градежен фонд.
Во рамките на проектниот опфат според постојната состојба застапени се следниве класи на намени:

- Градежно неизградено земјиште
  3578.15 м² - 100%.

Инвентаризација на постојните објекти по намена, инвентаризација на постојните објекти по состојба на одржаност и конструктивен систем и инвентаризација на постојните објекти по катност

Во рамките на проектниот опфат нема постоен објект.

Инвентаризација на инфраструктурата

Изграден сообраќај

Покрај проектниот опфат има постоен асфалтиран пат Сиричино – Желино со профил кој е од 6.00 м, и се поврзува со локалната патна мрежа. Преку горенаведената сообраќајна мрежа градежната парцела се поврзува со останатиот дел од општината Желино , градот Тетово и останатиот дел од Републиката како и пошироко од неа.

Водоводна мрежа
Побарани се податоци и информации од ЈП Мирмбајтја - Желино, од каде не е добиен одговор, но во рамките на проектниот опфат нема инсталации за локалната водоводна мрежа. Приклучувањето ќе се изведе во преку постоечката локална мрежа или бунар согласност со член 92-а од Законот за градење .

Фекална канализација
Побарани се податоци и информации од ЈП Мирмбајтја - Желино, од каде не е добиен одговор, но во рамките на проектниот опфат нема инсталации за примарна фекална канализација, фекалиите се одведуваат во септичка јама.

Атмосферска канализација
Побарани се податоци и информации од ЈП Мирмбајтја - Желино, од каде не е добиен одговор, но во рамките на проектниот опфат нема инсталации нема инсталации за примарна атмосферска канализација.

Гасоводна мрежа
Побарани се податоци и информации од АД ГА-МА, од каде не е добиен одговор но во предметниот опфат нема траса на планиран и изведен гасовод.

Електрична мрежа
Согласно доставените податоци од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје (писмо бр. 10-26/7-240 од 05.09.2022година) не постојат подземни и надземни инсталации на дистрибутивната мрежа на објекти во рамките на проектниот опфат.

Исто така, согласно Одговор на барање за податоци и информации од АД МЕПСО (Писмо бр. 11-4819/1 од 12.09.2022 година), предметниот плански опфат не се пресекува со ЕЕ Објекти во сопственост на АД МЕПСО.

Телефонска мрежа
Побарани се податоци и информации од Агенцијата за електронски комуникации, од каде е добиен одговор (Писмо бр. 1404-2579/2 од 19.09.2022 година), согласно кој не известуваат дека немаат податоци за изградени јавни електронски комуникациски мрежи и системи.
Исто така, согласно Одговор на барање за податоци и информации од Македонски Телеком АД Скопје (Писмо бр. 45607 од 12.09.2022 година), во границите на планскиот опфат нема постојна МКТ инфраструктура.

7. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРОЕКТНИОТ КОНЦЕПТ НА УРБАНИСТИЧКОТО РЕШЕНИЕ ВО ГРАДЕЖНАТА ПАРЦЕЛА
7.1. Опис и граница на проектниот опфат
Урбанистички Проект за формирање на градежна парцела вон опфат на урбанистички план на дел од КП.389, КО.Желино вон гр. - Општина Желино за изградба на објект со намена: Г2.1 – Згради од лесната градежна индустрија – складови и магацини, Општина Желино , се изработува согласно член 58, став 6, од Законот за просторно и урбанистичко планирање (службен весник на Р.С.М.бр.32/2020), член 56 од Правилник за урбанистичко планирање (службен весник на Р.С.М. бр. 225/2020, 219/21, 104/22 и 99/23) и според елаборатот изработен од Агенцијата за планирање на просторот.
Овој Урбанистички проект ќе се изработи врз основа на методологијата која произлегува од одредбите утврдени со Закон за просторно и урбанистичко планирање (службен весник на Р.С.М. бр. 32/2020), Правилник за

урбанистичко планирање (службен весник на Р.С.М. бр. 225/2020, 219/21, 104/22 и 99/23) и Законот за урбано зеленило (службен весник на Р.М. бр. 11/18).
Градежната парцела се наоѓа во локација КО.Желино вон гр. - Општина Желино и со патичната мрежа се поврзува со останатиот дел од општината Желино , градот Тетово и останатиот дел од Републиката како и пошироко од неа. Планскиот опфат се наоѓа на надморска височина од 405 до 407м.
Границата на проектниот опфат на Урбанистички проект за формирање на градежна парцела КП.389, КО.Желино вон гр. - Општина Желино, претставува затворен полигон која се движи по границите на горенаведените катастарски парцели во катастарска општина Желино , која може да се отчита од дигитализираната ажурирана геодетска подлога. Проектниот опфат е даден табеларно со детални точки со координати во X и V правец.

Површина: 3578.15м2
Обиколка: 280.23м'

1. X=7506080.9600 Y=4650173.9700
2. X=7506080.3400 Y=4650179.4900
3. X=7506036.0700 Y=4650176.0000
4. X=7505999.3700 Y=4650173.5200
5. X=7505989.7500 Y=4650172.4900
6. X=7505984.8200 Y=4650171.9100
7. X=7505981.1800 Y=4650158.5100
8. X=7505976.7600 Y=4650138.5900
9. X=7505991.7900 Y=4650138.1900
10. X=7506008.8900 Y=4650139.8600
11. X=7506038.3200 Y=4650141.0500
12. X=7506038.9000 Y=4650143.1800
13. X=7506060.3800 Y=4650142.8600
14. X=7506070.0815 Y=4650142.7451
15. X=7506070.0852 Y=4650142.9582
16. X=7506072.1748 Y=4650142.9218
17. X=7506084.9400 Y=4650142.7000
18. X=7506084.9603 Y=4650142.5688
19. X=7506087.1999 Y=4650142.5423
20. X=7506087.1800 Y=4650142.7000
21. X=7506086.5519 Y=4650146.6368

Катастарската парцела број 389, се граничи со следни катастарски парцели:
- На север со КП. бр. 391 и 390 ;
- На исток со КП. бр. 2201 - Асфалтиран пат – Сиричино - Желино;
- На југ со КП.бр. 564/2 и 566;
- На запад со КП. бр. 2223/1

7.2. Опис и образложение на проектниот концепт

Со УП се предвидува да се формира градежна парцела вон опфат на урбанистички план на дел од КП.389, КО.Желино вон гр. - Општина Желино за изградба на објект со намена: **Г2.1 – Згради од лесната градежна индустрија – складови и магацини,** и истиот се изработува согласно член 58, став 6 согласно Правилник за урбанистичко планирање (Службен весник на Р.С.М. бр.225/2020, 219/21, 104/22 и 99/23).
Поради потребата од формирање на градежна парцела се пристапува кон изработка на Урбанистички проект за формирање на градежна парцела на дел од КП.389, КО.Желино вон гр. - Општина Желино .
Урбанистички Проект за формирање на градежна парцела вон опфат на урбанистички план на КП.389, КО.Желино вон гр. - Општина Желино за изградба на објект со намена: Г2.1 – Згради од лесната градежна индустрија – складови и магацини, се изработува согласно член 58, став 6 , треба да обезбеди рационално искористување на проектниот опфат со оформување на градежна парцела и дефинирање на површина за градење со предвидената основна класа на намена, дефинирање на внатрешни сообраќајници со искористување на постојните сообраќајници и дефинирање на истите спрема потребите на инвеститорот.

Со овој Урбанистички проект се формира градежна парцела со површини за градење, а во согласност со стандардите и нормативите за урбанистичко планирање.


7.3. Опис на дејностите и активностите кои се одвиваат во градбата во градежната парцела со нумерички показатели на урбанистичките параметри

Во рамките на проектниот опфат е формирана градежна парцела со површини за градење со основна класа на намена:
Г2.1 – Згради од лесната градежна индустрија – складови и магацини

Урбанистичкиот проект се изработува согласно член 58, став 6 со комплементарни, компатибилни и алтернативни намени согласно член 80, 81 и 82 и општи правила за компатибилност на намени согласно член 83 и 84 од Правилник за урбанистичко планирање (службен весник на Р.С.М. бр. 225/2020, 219/21, 104/22).

Градежна Парцела **ГП.1**
Површина на парцела – 3578.15м²
Површина за градба – 1470.00м²
Вкупна изградена површина – 2940.00м²
Зеленило во ГП. – 838.15м²
Процент на застапеност на зеленило – 23.00%
Вкупен процент на изграденост – 41.00%
Коефициент на искористеност – 0.82
Група на класи на намена – Г- Лесна и незагадувачка индустрија
Класа на намена – Г2.1 – Згради од лесната градежна индустрија – складови и магацини
Станбени единици: 1 (еден)
Висина на венец–Н= 8.20м,
Катна висина –Пр+1,
Влез во парцела - од асфалтиран пат – Сиричино - Желино

7.4. Опис на внатрешен сообраќај и начин на обезбедување на потребен број на паркинг места



Колскиот пристап во градежната парцела е оддвете страни преку Пристапниот пат. Истиот се поврзува со локалната патна мрежа и градежната парцела се поврзува со останатиот дел од општината Желино , градот Тетово и останатиот дел од Републиката како и пошироко од неа.

Нивелациски план

Подолжните наклони на сообраќајниците се прикажани во соодвените графички прилози.

Паркирање
Паркирањето е предвидено да се одвива во сопствената градежна парцела. Потребниот број на паркинг места и неговото димензионирање е во согласнот со членовите 130, 131, 132, 133 и 134 од Правилник за урбанистичко планирање (службен весник на Р.С.М. бр. 225/2020, 219/21, 104/22 и 99/23).

7.5. Опис на партерно решение со хортикултура

Во рамките на градежната парцела партерното решение во кое спаѓаат сите елементи на уличната мрежа како коловози, тротоари, зелени појаси и сл. е прикажано во соодветните графички прилози од овој Урбанистички проект.

Во рамките на градежната парцела предвидена е површина за парковско и пејсажно зеленило, согласно член 20 став 1 од Законот за урбано зеленило (службен весник на Р.С.М. бр. 11/18).
Површината за парковско и пејсажно зеленило во градежна парцела изнесува 838.15 м² со процент на застапеност од 23.00%.

7.6. Опис на водови и инсталации на инфраструктурите Водоводна мрежа

Во рамки на градежната парцела се предвидува приклучок на водоводна мрежа со бунар од кој ќе се снабдува со вода. Истиот е означен во графичките прилози.
Системот на водоводна мрежа кој се предвидува да биде застапен, претставува прстенест тип, кој овозможува континуирано снабдување со вода на било кој корисник во мрежата. Поставувањето на водоводните линии ќе се одвива по пешачките патеки, со што ќе се овозможи несметано одржување на истите.
На растојание од минимум 50 м до максимум 150 м ќе бидат поставени водоводни хидранти (надземни или подземни доколку условите не дозволуваат за надземни) кои ќе овозможат гаснење на евентуален пожар.

Фекална канализација
Во рамки на градежната парцела фекалиите ќе се приклучи со септичката јама заедено со пречистителна станица. Истата е означена во графичките прилози.

Атмосферска канализација
Во рамки на градежната парцела атмосферските води ќе се слеваат слободно по површината на теренот, односно нема организирано прифаќање и одведување на атмосферските води, ке се изведуваат специјални јами за собир на атмосферските води.

Електрична мрежа
Електрична мрежа е предвидена по пешачките патеки од каде продолжува по осовината на пристапниот пат и продолжува до најблиската трансформаторска станица.
Во рамките на градежната парцела се предвидуваат површини за градба со намена за индустрија.
Нисконапонското напојување се планира да се изведе со кабли поставени во ров во земја, заштитени и обележани до приклучни ормани кои ќе бидат поставени на фасадите од планираните градби.

Јавно осветлување
Јавното осветлување се предвидува да биде со светилки поставени на метални столбови поврзани со трафостаница преку подземен кабел.
За улично осветлување потребно е околу 25 кМ.

Телефонска мрежа
Телефонската мрежа е предвидена по пешачките патеки од каде продолжува по осовината на пристапниот пат и продолжува до најблискиот приклучок.
Новопредвидениот објект се поврзува со поставување на линии до планираните телефонски шахти на планираната телефонска мрежа, по трасите на улиците, од каде потоа се поврзуваат со телефонска централа. До објектот, каблите се поставени во земја во ров до приклучни ормари, обележани и заштитени по пропис.
Во рамки на проектниот опфат е предвиден еден телефонски приклучок.

8. ДЕТАЛНИ УСЛОВИ ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ И ГРАДЕЊЕ

Условите за проектирање и градење содржат архитектонски и урбанистички услови кои се утврдени со Закон за просторно и урбанистичко планирање (службен весник на Р.С.М. бр. 32/2020), Правилник за урбанистичко планирање (службен весник на Р.С.М. бр. 225/2020, 219/21, 104/22 и 99/23) и графичкиот прилог кој претставува Извод од урбанистички план/проект за градбата која ќе се гради и земјиштето потребно за негова употреба како и условите и посебните прописи од други области.

Анализата на сите елементи дадени во табеларниот приказ и во графичките прилози дадена е во согласност со Правилник за урбанистичко планирање (службен весник на Р.С.М. бр. 225/2020, 219/21, 104/22 и 99/23).

Со овој Урбанистички проект за формирање на градежна парцела на дел од КП.389, КО.Желино вон гр. - Општина Желино: се формира градежна парцела 1 со површини за градење со основна класа на намена на земјиштето и тоа:
Г2.1 – Згради од лесната градежна индустрија – складови и магацини;
со комплементарни, компатибилни и алтернативни намени согласно член 80, 81 и 82 и општи правила за компатибилност на намени согласно член 83 и 84 од Правилник за урбанистичко планирање (службен весник на Р.С.М. бр. 225/2020, 219/21, 104/22).

Градежна Парцела **ГП.1**
Површина на парцела – 3578.15м²
Површина за градба – 1470.00м²
Вкупна изградена површина – 2940.00м²
Зеленило во ГП. – 838.15м²
Процент на застапеност на зеленило – 23.00%
Вкупен процент на изграденост – 41.00%
Коефициент на искористеност – 0.82
Група на класи на намена – Г- Лесна и незагадувачка индустрија
Класа на намена – Г2.1 – Згради од лесната градежна индустрија – складови и магацини
Станбени единици: 1 (еден)
Висина на венец–Н= 8.20м,
Катна висина –Пр+1,
Влез во парцела - од асфалтиран пат – Сиричино - Желино

- Согласно член 101 од Правилник за урбанистичко планирање (службен весник на Р.С.М. бр. 225/2020, 219/21, 104/22 и 99/23), границата за градење под котата на теренот како и градбите што се планираат да се градат целосно под котата на теренот се совпаѓаат со градежната линија која ја ограничува надземната изградба.
- Растојанијата помеѓу површината за градење и страните на градежната парцела да се во согласност со член 107 од Правилник за урбанистичко планирање (службен весник на Р.С.М. бр. 225/2020, 219/21, 104/22 и 99/23).
- Градежната линија се спроведува со можни и дозволени пречекорувања на издадените елементи од архитектонската пластика на градбите, согласно член 108 и 109 од Правилник за урбанистичко планирање (службен весник на Р.С.М. бр. 225/2020, 219/21, 104/22 и 99/23).
- За добивање на одобрение за градење за градбите во рамките на градежната парцела, да се изработи Основен проект согласно член 47 од Законот за градење (службен весник на Р.С.М. бр. 130/09) и Законот за изменување и дополнување на законот за градење (службен весник на Р.С.М. бр. 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18, 244/19 и 18/20) и согласно овој Урбанистички проект.
- Потребен број на паркинг места да е во согласност со член 134 од Правилник за урбанистичко планирање (службен весник на Р.С.М. бр. 225/2020, 219/21, 104/22 и 99/23) и истиот ќе претставува услов за добивање на максималната површина за градење и максимален број на спратови.
- Процентот на озеленетост да изнесува мин 20% од површината на градежната парцела согласно член 171 од Правилник за урбанистичко планирање (службен весник на Р.С.М. бр. 225/2020, 219/21, 104/22 и 99/23) и член 20 став 1 од Законот за урбано зеленило (службен весник на Р.М. бр. 11/18).
- За противпожарна заштита да се димензионираат и предвидат потребен број на хидранти и истите да се поврзат на соодветно димензионирана хидрантска мрежа.
- За приклучок на градбите на водоводна мрежа да се приклучува со бунарот.
- За приклучок на градбите на фекален колектор, да се поврзува со септичка јама.
- За приклучок на градбите на телефонска дистрибутивна мрежа да се побара согласност од телекомуникацискиот оператор во Македонија, подружница Скопје.
- За приклучок на градбите на електронапонска дистрибутивна мрежа да се побара согласност од

ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје.
- На објектите да се постави громобранска инсталација.
- Подрачјето на проектниот опфат се наоѓа во зона на очекувани земјотреси од 8 степени по Меркалиевата

скала што наметнува задолжителна примена на нормативно - правна регулатива со која се утврдени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита при изградба на новиот објект.

- Доколку при градба на објектот дојде до откривање на објекти, односно предмети (целосно зачувани или фрагментирани) од материјална култура на Република Македонија, треба да се постапи во согласност со одредбите според член 65 од Законот за заштита на културното наследство (службен весник на Р.С.М. бр. 20/04) и Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на културното наследство (службен весник на Р.С.М. бр. 20/04, 71^04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 39/16 и 11/18).
- Согласно известување од Агенција за цивилно воздухопловство (писмо 12-8/1302 од 23.11.2022 год) максималната височина на било кој објект или надземна структура во зафатот да не надминува елевација од 348мнв, односно дозволена е изградба на објекти со максимална висина до 12 метри.

Доколку во опфатот се палнира изградба на објект/и со елевација над претходно наведената или изградба/поставување на:

1. Издвоени антенски столбови поставени на објект со висина над 15м или
2. Оџаци со висина над 30м,

Потребно е до Агенцијата за цивилно воздухопловство да ја доставите проектната документација (пред нејзино усвојување) со барање за издавање на согласност со услови за градба од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај, согласно член 68 став (1) и (2) од Законот за воздухопловство (Службен весник на РМ бр. 48/2020 - пречистен текст).

9. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА

9.1. Мерки за заштита на животната средина

Заштитата и унапредувањето на животната средина е систем на мерки и активности (општествени, политички, социјални, економски, технички, образовни и др.) со кои се обезбедува поддршка и создавање услови за заштита од загадување, деградација и влијание на/врз медиумите и одделните области на животната средина (заштита од осиромашување на озонската обвивка, спречување на штетната бучава и вибрации, заштита од јонизирачко и од нејонизирачко зрачење, заштита од непријатна миризба и користење и депонирање на отпадоците и друг вид на заштита на животната средина).

Животната средина е простор со сите живи организми и природни богатства, односно природните и создадените вредности, нивните меѓусебни односи и вкупниот простор во кој живее човекот и во кој се сместени населбите, добрата во општа употреба, индустриските и другите објекти, вклучувајќи ги и медиумите и областите на животната средина. Загадување на животната средина е емисија на загадувачки материи и супстанции, која е резултат на човековата активност, во воздухот, водата или почвата, којашто може да биде штетна за квалитетот на животната средина, животот и здравјето на луѓето или, емисија од која што може да произлезе штета за имотот или која ги нарушува или влијае врз биолошката и пределската разновидност и врз другите пропишани начини на користење на животната средина.

Во доменот на заштитата на животната средина основна цел е преку соодветни плански поставки да се обезбедат услови за непречен развој со истовремено чување на квалитетот на средината за живот и работа.

За остварување на наведената цел, поставките и потребите од заштита на средината се вградуваат во сите домени на урбанистичкото планирање преку проверка и изготвување на современи стандарди и нормативи. Воздухот е еден од основните елементи за чиста и здрава животна средина, па за негов квалитет неопходно е сите загадувачи, односно сите објекти кои испуштаат штетни материи да користат уреди за пречистување. Заштитата на квалитетот на атмосферата треба да се остварува преку следните мерки:

- Интегрална контрола на загадувачите на атмосферата (меѓу кои и издувните гасови од моторните возила) и нивното делување и благовремено укажување на критичните метеоролошки појави.
- Примена на соодветни техничко-технолошки мерки.
- Обезбедување услови за ефикасно природно проветрување и користење на доминантни воздушни струења.
- Подигање и оформување на заштитни зелени појаси (дрвореди).
- Подобрување на состојбата со зелените јавни површини со правилен распоред и создавање на поврзан сиетем на зеленило во селото.

Овој плански опфат нема негативно да влијае на околината. Сите слободни површини од парцелата хорикултурно да се уредат со зеленило. Планирана е изведба на комплетна комунална инфраструктура, така што нема опасност

од загадување на подземните води.
Прашањето на одвоз на отпад да се реши во договор со надлежните институции за собирање на отпадот за осигуран континуиран одвоз, и да се постават контејнери према видот на одпадот. Просторот околу контејнерите да се уреди за овозможување услови за одржување и несметан пристап од сообраќајница. Законска регулатива која ја уредува областа за заштита на животната средина, релевантна за изработка на УП- от е следна:

- Закон за животна средина (Сл. Весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/05, 159/09, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18);
- Закон за квалитетот на амбиентниот воздух (пречистен текст Сл. Весник на РМ бр. 100/12, 163/13, 10/15, 146/15 и 52/16);
- Закон за управување со отпадот (пречистен текст Сл. Весник на РМ бр. 9/11, 51/11, 123/12, 147/13, 163/13, 51/15, 146/15, 192/15, 39/16 и 63/16);
- Закон за заштита од бучава во животната средина (Сл. весник на РМ бр. 79/07, 124/10, 47/11, 163/13 и 146/15);
- Закон за заштита и спасување (пречистен текст Сл. Весник на РМ бр. 93/12, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18);
- Закон за водите (Сл. Весник на РМ бр. 87/08, 06/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16);
- Уредба за класификација на водите (Сл. весник на РМ бр. 18/99);
- Закон за заштита на природата (Сл. Весник на РМ бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16 и 113/18);
- Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.225/20,219/21,104/22, 219/21 и 104/22) и други законски и подзаконски акти.

Во современото планирање на просторот задачите на заштита на природата се усмерени особено на активно уредување и заштита на природата и животната средина, санирање на можни штети и повторно воспоставување на природната средина. Заштитата на природата ја опфаќа заштитата на биолошката разноводност, заштитата на пределската разновидност и заштитата на природното наследство.

Притоа, при реализацијата на оваа планска документација на конкретниот локалитет потребно е да се преземат мерки за заштита согласно Законот за заштита на природата (службен весник на Р.С.М. бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16 и 113/18).

9.2. Мерки за заштита и спасување
Податоците и информациите за заштита и спасување дадени во писмениот допис од Дирекција за заштита и спасување, се комплетно вградени во урбанистичко проектната документација и се дадени во понатамошниот текст.
Согласно Законот за одбрана (Сл.весник на РМ бр. 42/01, 05/03, 58/06, 110/08) (пречистен текст 185/11 и 215/15), Законот за заштита и спасување (Сл. Весник на РМ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10 и 18/11 и 41/14) пречистен 93/12, 41/14, 129/15, 71/16 106/16), Законот за пожарникарство (Сл.весник на РМ бр. 67/04, 81/07 и 55/13 и 158/14, 193/15, 39/16) (Пречистен текст 168/17) и Законот за управување со кризи (Сл.весник на РМ бр. 29/05,36/11,41/14,104/15 и 39/16), задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.
Мерките за заштита и спасување се остваруваат преку организирање на дејства и постапки од превентивен карактер, кои ги подготвува и спроведува Републиката(преку органите на државната управа во областа за кои се основани), единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите.
Согласно член 51 од Законот за заштита и спасување(Сл. Весник на РМ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10 и 18/11 и 41/14) пречистен 93/12, 41/14, 129/15, 71/16 106/16), Органите на државната управа, органите на единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите, со должни да ја предвидат и планираат организацијата на спроведување на мерките за заштита и спасување и да спроведат мерки кои се во функција на превенција и тоа:
-изработка на проценка на загрзеност за можни опасности и план за заштита и спасување од проценетите опасности.
Вградување на предвидените и планираните мерки за заштита и спасување во редовното планирање и работа.
Уредување на просторот и изградба на објекти, во функција на заштита и спасување -воспоставување на организација и систем потребни за заштита и спасување и

-обезбедување на материјална база, персонал и други ресурси потребни за извршување на планираната организација.
Согласно член 53 од Законот за заштита и спасување(Сл. Весник на РМ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10 и 18/11 и 41/14) пречистен 93/12, 41/14, 129/15, 71/16 106/16), мерки за заштита и спасување задолжително се применуваат:
-при планирање и уредување на просторот и населбите
-во проектите за објекти и технолошки процеси наменети за складирање, производство и употреба на опасни материи, нафта и нејзини деривати, енергетски гасови, јавниот сообраќај, црна и обоена металургија, како и за јавна, административна, културна, туристичко угостителска дејност и -при изградба на објекти и инфраструктура
Начинот на применувањето на мерките за заштита и спасување, при планирањето и уредувањето на просторот и населбате, во проектите и при изградба на објектите како и учество во техничкиот преглед, Владата го уредува со уредба.
Во функција на уредувањето на просторот согласно член 54 од Законот за заштита и спасување(Сл. Весник на РМ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10 и 18/11 и 41/14) пречистен 93/12, 41/14, 129/15, 71/16 106/16) задолжително се обезбедув:
-изградба на објекти отпорни на сеизмички дејства
-регулирање на водотоци и изградба на систем на одбрамбени насипи
-изградба на снегозаштитни појаси и пошумување на планините
-обезбедување на противпожарни пречки -изградба на објекти за заштита и -изградба на потребна инфраструктура
Мерки за заштита и спасување согласно чл.61 од Закон за заштита и спасување (Сл. Весник на РМ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10 и 18/11 и 41/14) пречистен 93/12, 41/14,129/15, 71/16 106/16) се урбанистичко-технички и хуманитарни и други мерки за заштита и спасување кои би се појавиле при и по природни непогоди и други несреќи.
Урбанистичкотехнички мерки се:
-засолнување
-заштита и спасување од поплави
-заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи -заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства -заштита и спасување од урнатини
-заштита и спасување од техничко-технолошки несреќи и -спасување од сообраќајни несреќи
Дел од овие урбанистичко-технички мерки потребно е да се применат во границите на третираниот плански опфат како во рамки на урбанистичкото планирање така и при изработка на основните проекти на градбите предвидени со оваа планска документација.

9.2.1 Мерки за засолнување

Просторот кој е предмет на анализа се наоѓа во зона загрозена со долготрајни воени дејствија, што наметнува потреба од примена на соодветни мерки за заштита, односно задолжителна примена на нормативно-правна регулатива, со која се уредени постапки, условите и барањата за постигнување на технички коконзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита при изградба на градби.
Како една од главните превентивни мерки за заштита од воени дејствија секако преставува засолнувањето. Засолнувањето опфаќа планирање, изградба,одржување и користење на изградени засолништа и на другите заштитни објекти за заштита на населението, материјалните добра и културното наследство на Републиката.
Јавните засолништа се планираат согласно со програмата на Владата за мерките за заштита и спасување како и со програмата на единиците за локалната самоуправа за мерките за заштита и спасување, а истите се вградени во урбанистичките планови.
Јавните засолништа според отпорноста се градат како засолништа за основна заштита, во согласност со техничките нормативи за изградба на јавни засолништа што ги донесува директорот на Дирекцијата.
Согласно член 62 од Законот за заштита и спасување (Сл. Весник на РМ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10 и 18/11 и 41/14) пречистен 93/12, 41/14,129/15,71/16 106/16), јавните засолништа се планираат согласно со програмата на Владата за мерките за заштита и спасување и програмата на единиците на локалната самоуправа за мерките за заштита и спасување.

Согласно член 65 од предходно цитираниот Закон определувањето на потребниот број на засолнишни места со Уредби ги уредува Владата а врз основа на намената на градбите и новопроектираната корисна површина.
Републиката има обврска за изградба на јавни засолништа само во случај на исклучително загррозени градби што ќе ги утврди дирекцијата. Единиците на локалната самоуправа имаат обврски да градат јавни засолништа со кои ќе се задоволат потребните капацитети за засолнување на луѓето, материјалните добра и културното наследство на

своето подрачје.

По дефинирањето на намената и површината на секој објект, согласно одредбите од Законот за заштита и спасување (Сл. Весник на РМ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10 и 18/11 и 41/14) пречистен 93/12, 41/14, 129/15, 71/16 106/16) и Уредбата за начин на изградба на јавните засолништа, одржување и користење на веќе изградените засолништа и други заштитни објекти и определување на потребен број на засолнишни места(Сл.весник на РМ бр.153/10), се определува бројот на засолнишните места согласно чл.25, став 1 кој треба да биде најмалку 30% од население во РМ.

9.2.2 Мерки за заштита и спасување од поплави

Со писмен допис побарани се податоци и информации од Дирекцијата за заштита и спасување, Подрачно одделение Чаир, и добиен е одговор (писмо 14/6-178/2 од 23.11.2022 год.), од каде добиени се насоки, според кои во планското решение да се разработат мерки за заштита и спасување од поплави.
Согласно истите при изработка на Проектот за инфраструктура да се предвидат и пропишат мерките за заштита од поплави, уривање на брани и други атмосферски непогоди согласно Законот за заштита и спасување (Сл.весник на РМ бр.36/04, 49/04, 86/08), и другите позитивни прописи со кои е регулирана оваа област.
Заштитата и спасувањето од поплави опфаќа регулирање на водотеците, изградба на заштитни градби, наблјудување и санирање на општествени делови на заштитните градби, набљудување и извидување на состојбите на водотеците и високите брани, заштитните градби и околината, обележување на висинските коти на главниот бран, навремено известување и тревожење на населението во загрозеното подрачје и негова евакуација и спасување, како и учество во санирање на последиците предизвикани од поплавата. Поради непостоење на опасност од изливање на водотоци, како мерки за заштита од поплави предизвикани од поројни дождови се предвидува одводнување преку планирана атмосферска канализација.
Во граници на предметниот опфат а ви негова непосредна близина нема речни текови. Теренот е со благ пад кон север.

9.2.3 Мерки за заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи

Со писмен допис побарани се податоци и информации од Дирекцијата за заштита и спасување, Подрачно одделение Чаир, и добиен е одговор (писмо 14/6-178/2 од 23.11.2022 год.), од каде добиени се насоки, според кои во планското решение да се разработат мерки за заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи.
Согласно истите при изработка на Основен проект за објектите кои се предвидува да бидат изградени од цврста градба (придружни објекти), треба да се почитуваат пропишаните мерки за заштита од пожари, согласно Законот за заштита и спасување (Сл.весник на РМ бр.36/04, 49/04, 86/08, 18/11 и 93/12), Законот за пожарникарство (Сл.весник на РМ бр.67/04, 81/07, 55/13) и другите позитивни прописи со кои е регулирана оваа област.
Во однос на заштитата од пожари, во наведената документација да се реши и громобранската инсталација, со цел да нема појава на зголемено пожарно оптоварување.
Од аспект на противпожарна заштита при изработка на планските решенија предвидени се сообраќајници, со широчина од минимум 5,5м, радиуси од мин. Р = 6,0м - 12,0м, со закосени рабници со висина максимум од 7,0цм, кои овозможуваат слободен и брз пристап на возилата за гасење на пожар и други специјални возила до градежните парцели на градбите.
При дефинирањето на градбите во рамките на градежните парцели земено е во предвид потребното минимално растојание меѓу градбите од аспект на префрлање на пожарот од една до друга градба во зависност од предвидената висина на градбите и од противпожарната оптовареност на истите, обезбедување на ПП мерки со избор на огноотпорни материјали и конструкции,како и противпожарни пречки (чл.54 став 1 алинеја 4 од ЗЗС).
Заштитата на градбите, помеѓу другото, поволно и прописно е да биде и преку:

- Правилен избор на вградените материјали и применети конструкции;
- Вградување противпожарни пречки (член 54 став 1 ал. 4 од Закон за заштита и спасување (Сл. весник на РМ бр. 93/12-Пречистен текст, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16, 83/18, РСМ 215 /21);
- Вградување соодветна хидрантска мрежа;
- Овозможување непречен пристап за противожарните возила согласно чл. 7, чл. 20 и чл. 44 од Правилникот за мерките за заштита од пожари и експлозии (Сл. весник на РСМ бр. 231/20).

Во основните проекти за градбите кој се предвидени со оваа планска документација да се почитуваат пропишаните мерки за заштита од пожари, експлозии и опасни материи, согласно Законот за заштита и спасување, Закон за пожарникарство и другите прописи кој ја регулираат оваа област.
Согласно член 70 од Законот за заштита и спасување (Сл. Весник на РМ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10 и 18/11 и

41/14) пречистен 93/12, 41/14, 129/15, 71/16 106/16), при изготвување на основни проекти на градбите предвидени со оваа планска документација инвеститор е должен да изготви посебен елаборат за заштита од пожар, експлозии, опасни материи и прибави согласност за застапеност на мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи.
Оваа одредба ги опфаќа сите градби освен градби за домување со висина на венецот до 10,20 и јавни градби со капацитет за престој до 25лица.
За градбите за кои не се однесува оваа одредба ќе се применуваат важечките мерки нормативи и стандарди кои се однесуваат на заштита и спасување.
Согласно член 76 од Законот за заштита и спасување (Сл. Весник на РМ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10 и 18/11 и 41/14) пречистен 93/12, 41/14, 129/15, 71/16 106/16), Јавното претпријатије што стопанисува со водоводната мрежа е должно да изработи основни решенија на улична хидрантска мрежа во сите делови на градот така и во планскиот опфат која е предмет на планската документација.
При изработка на основните проекти на предвидените градби во рамките на планскиот опфат да се предвиди громобранска инсталација со цел да нема појава од зголемено пожарно оптеретување.
Во однос на диспозицијата на противпожарната заштита планскиот опфат во случај на пожар ќе го опслужува противпожарната единица на град Тетово.

9.2.4 Мерки за заштита и спасување од урнатини
Со писмен допис побарани се податоци и информации од Дирекцијата за заштита и спасување, Подрачно одделение Тетово, и добиен е одговор (писмо 09-268/2 од 07.09.2023 год.), од каде добиени се насоки, според кои во планското решение да се разработат мерки за заштита и спасување од урнатини.
Заштитата од урнатини, како превентивна мерка, се утврдува во урбанистичките решенија во текот на планирање на просторот, урбанизирање на населбит е и изградбата на објектите.
Во урбанистичките решенија се утврдува претпоставениот степен на урнатини, нивниот однос према слободните површини и степенот на проодност на собраќајниците. При проектирањето да се води сметка да не се создаваат тесни грла на сообраќајниците и зони на тотални урнатини. Заштитата од урнатини се обезбедува со изградба на оптимално отпорни објекти согласно сеизмолошката карта на РСМ, кои се изградени со помала количина на градежен материјал и релативно помали тежини.

9.2.5 Мерки за заштита и спасување од свлекување на земјиште
Со писмен допис побарани се податоци и информации од Дирекцијата за заштита и спасување, Подрачно одделение Тетово, и добиен е одговор (писмо 09-268/2 од 07.09.2022 год.), од каде добиени се насоки, според кои во планското решение да се разработат мерки за заштита и спасување од свлекување на земјиште Согласно истиот При изработка на Проектот за инфраструктура, со оглед на конфигурацијата на теренот, претпоставува можно настанување на свлекување на земјиштето, потребно е да се изготви елаборат од извршени геомеханички, геолошки и хидролошки испитувања.

9.3 Радиолошка, хемиска и биолошка заштита
Радиолошката, хемиска и биолошката заштита опфаќа мерки и активности за заштита на луѓето, добитокот и растенијата, со навремено откривање, следење и контрола на опасностите од последиците од несреќи со опасни материи, како и последиците од радиолошки, хемиски и биолошки агенси и пеземање на мерки и активности за остранување на последиците од нив.
Сопствениците на објекти во кој се произведуваат и складираат опасни материи, сопствениците на транспортните средства, сопствениците и корисниците на објектите уредите кој се наменети за јавно снабдување со вода, производство, сообраќај и складирање на прехранбени производи, лекарства и сточна храна, јавни здравствени служби, како и сопствениците на објекти во кој се врши згрижување и образование на деца, се должни да обезбедат заштитни средства и да ги спроведуваат стандардите и процедурите за радиолошка, хемиска и биолошка заштита.
Заштита на културно, градежно, наследство и урбано амбиентална средина
По извршена инвентаризација и снимање на изградениот градежен фонд и вкупна физичка инфраструктура, дојдено е до заклучок дека во границите на предметниот плански опфат нема постојни споменички целини и градби од културно историско значење.
Доколку при реализациа на урбанистичкиот план се појави археолошко наоѓалиште треба да се постапи во согласност со одредби од чл.65 од Закон за заштита и културно наследство(Сл.весник на РМ бр. 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16 и 11/18).

9.4. Мерки и стандарди за мобилност и пристапност

Со изработување, донесување и спроведување на урбанистички ппроекти треба да се обезбедува надминување на урбаните бариери и обезбедување на функционалната пристапност и подвижност на земјиштето за општа употреба, јавните простори, до и во градбите и подрачјата во и вон населените места за сите граѓани, а особено за лицата со инвалидитет и на лицата со намалена подвижност.

Под лица со инвалидитет во смисла на Правилник за урбанистичко планирање (службен весник на Р.С.М. бр. 225/2020, 219/21, 104/22 и 99/23) се подразбираат лица со трајни или привремени телесни, ментални и/или сетилни оштетувања или нарушувања, на коишто урбаните и архитектонските препреки им ја намалуваат или оневозможуваат мобилноста, пристапноста кон градбите и подрачјата, а со тоа и учеството во општеството на рамноправна основа и остварувањето на основните човечки права.

Надминувањето на урбаните бариери и обезбедувањето на пристапност и проодност на јавните простори и градби подразбира утврдување на мерки и плански одредби што се применуваат во процесот на изработување, донесување и спроведување на урбанистичките планови.

9.5. Мерки за заштита на културно - историско наследство

Немаме индикации дека во рамките на проектниот опфат има заштитени добра и добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство.

Доколку при реализација на урбанистичкиот план дојде до откривање на објекти, односно предмети (целосно зачувани или фрагментирани) од материјалната култура на Република Северна Македонија, треба да се постапи во согласност со одредбите според член 65 од Законот за заштита на културното наследство (службен весник на Р.С.М. бр. 20/04) и Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на културното наследство (службен весник на Р.С.М. бр. 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16 и 11/18).

9.6. Мерки за заштита од воени разорнувања

Согласно Просторниот План на Република Северна Македонија, Законот за одбрана (службен весник на Р.С.М. 42/01, 5/03, 58/06, 110/08, 51/11, 151/11, 185/11 215/15), Законот за заштита и спасување (службен весник на Р.М. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18) и Законот за управување со кризи (службен весник на Р.М. 29/05), проектниот опфат се наоѓа во регион со среден ризик од воени дејства. Според тоа, согласно Законот за заштита и спасување, задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување. Тоа опфаќа дека објектите кои се предвидува да се градат пред се треба да бидат отпорни на сеизмички дејствија.

9.7. Мерки за заштита од природни непогоди и други несреќи

Подрачјето на проектниот опфат е сеизмичко активно со интензитет од 8 степени според Меркалиевата скала. Поради тоа е неопходна примена на соодветната нормативно - правна регулатива при проектирањето и изведбата на објектот и неговите пратечки содржини.

За заштита од огнени стихии потребно е да се превземат соодветни мерки за заштита од пожари.

9.8. Мерки за заштита од технички катастрофи

Основна превентивна мерка за заштита од технички катастрофи е планирањето кое преку осознавање и анализа на состојбите и опасностите од можните инциденти при одржувањето на опремата и инсталациите, треба да создаде прифатлив и сигурен однос кон животната средина. Поради тоа треба да се превземат сите мерки за правилно одржување на опремата и инсталациите, а заради избегнување на технолошки катастрофи.

9.9. Мерки за заштита за загрозеност од техничко - технолошки несреќи

Мерките за заштита од техничко-технолошки катастрофи во себе содржат, покрај непосредната заштита на човекот и материјалните добра и нагласена еколошка димензија. Еколошката димензија на заштитните мерки тргнува од сознанието дека животната средина е ограничен ресурс, кој во одделни средини, а и во глобални рамки, е доведен на границата на издржливост.

Една од можните неопходно потребни превентивни мерки за заштита од техничко-технолошки катастрофи е просторното и урбанистичкото планирање, кое преку осознавање и анализа на состојбите и опасностите од можните инциденти, во одржувањето на инсталациите и опремата, треба да создаде прифатлив однос кон животната средина. Притоа основните методолошки постапки за планирање и уредување на просторот се:

- Оценка на состојбите на природните компоненти на животната средина и степенот на загрозеносг од појава на технички катастрофи;
- Оценка на оптовареноста на просторот со технолошки системи со одредено ниво на ризик;
- Анализа на меѓусебната зависност на природните услови и постојните технолошки системи;
- Дефинирање на нивото на постојниот ризик при редовна секојдневна работа на технолошките истеми и при појава на инцидентни случаи;
- Процена на загрозеноста на луѓето и материјалните добра;
- Утврдување на критериумите за избор на оптимална варијанта на заштита врз основа на проценетиот степен на загрозеност.

Со примена на оваа методолошка постапка може да се очекува остварување на следните основни цели за заштита од техничко - технолошки катастрофи:

- Максимално усогласување и користење на просторот од аспект на заштита во рамките на просторните можности;
- Вградување на мерките на кои се засновува организацијата на заштита и спасување на човечките животни и материјалните добра од техничко - технолошки катастрофи во определувањето на намената на просторот;
- Интегрирање на елементите на загрозеноста во рамките на комплексот на прашањата врзани со заштитата на животната средина.

10. НУМЕРИЧКИ ДЕЛ

10.1. Табела со нумерички показатели на урбанистичките параметри за проектниот опфат

• ТАБЕЛА СО НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ НА УРБАНИСТИЧКИТЕ ПАРАМЕТРИ ЗА ГРАДБИ ВО ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

број на градежна парцела	површина на градежна парцела	максимална површина за градење	вкупна развиена површина за градба	максимална височина на градбата	катна височина на објект	процент на изграденост %	коефициент на искористеност	основна класа на намена	компатибилни класи на намена	потребен број на паркинг места
ГП.1	3578.15 м²	1470м²	2940м²	8.20 м	П+1	41 %	0.82	Г2.1	според правилник	според правилник (во склоп на парцела/подрум)

НАМЕНА НА ПОВРШИНИ ЗА НОВО ФОРМИРАНА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА 1:	Вкупна површина по намени (m²)
- Г2.1 - Згради од лесната градежна индустрија - складови и магацини	1470.00 (41%)
- Ком.инфраструктура - поплочена површина	1270.00 (36%)
- Зеленило - Партерно уредување	838.15 (23%)
ПОВРШИНА НА УРБАНИСТИЧКА ПАРЦЕЛА 1	**3578.15** (100%)

ДОБИЕНИ ПОДАТОЦИ

Република Северна Македонија
Агенција за катастар на недвижности

Republika e Maqedonisë së Veriut
Agjencia e kadastrës së paluajtshmërive

Бр. / Nr. _____
Дата: / Me datë: _____,
Скопје / Shkup

Трифун Хаџи Јанев бр.4
/ Trifun Haxhi Janev nr.4
1000 Скопје / Shkup
Тел. / Tel. (02) 3204 801
Факс: (02) 3204 837
Е-пошта: / Posta e-
info@katastar.gov.mk
Сајт: / Faqja: www.katastar.gov.mk

0939-10237/2
24.7.2023

ДО: “ ПИКА АРХИТЕКТ” ДООЕЛ ТЕТОВО

ПРЕДМЕТ: Мислење од утврдена состојба

Врска: Постапка преку е-урбанизам за **ПИМ** со број **54022**
Ваш бр. ---------- од 18.07.2023 год.
Наш бр. 0939-10237/1 од 19.07.2023 год.

Почитувани,

До Агенцијата за катастар на недвижности, преку е-урбанизам инициравте постапка за барање за податоци и информации за Урбанистички план вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела на дел од КП 389, КО Желино вон гр., за изградба на објект со намена Г2.1 –Згради од лесна градежна индустрија-складови и магацини, Општина Желино, изработен од “*ПИКА АРХИТЕКТ*“ ДООЕЛ Тетово, со технички број УП-03-2022 од јули 2023 год., со податоците од катастарскиот план, врз основа на член 47 став 8 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 32/2020).

Агенцијата за катастар на недвижности по увид во доставената документација и Електронскиот запис со кој се потврдува дека урбанистичкиот проект го исполнува квалитетот од тематски и тополошки аспект, Ве известува дека се исполнети условите за издавање на позитивно мислење.

Прилог: Извештај од утврдена состојба по извршено споредување

Забелешка: Потребно е барањето да биде поврзано во релевантна постапка.

Со почит,

Изработил: м-р Александра Крастовски, раководител на одделение
Одобрил: м-р Билјана Ајтарска„в.д. раководител наодделение

Заменик директор

mr. Arben Qerimi

Место за Дигитални потписи

Изработил	Контролирал	Одобрил	Согласен	Заменик директор

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

ЖЕЛИНО-ВОНГРАД

ИЗВЕШТАЈ ОД ИЗВРШЕНО ДИГИТАЛНО ПРЕКЛОПУВАЊЕ

Реден број	ПОДАТОЦИ ЗА НОСИТЕЛИТЕ НА НЕДВИЖНОСТИТЕ					ПОДАТОЦИ ЗА ГРАДЕЖНАТА ПАРЦЕЛА													
	Презиме, татково име и име (за граѓански лица) Точно име на правното лице	Место на живеење	Улица	Куќен број	Катастарска општина	Број на имотен лист	Број на парцела		Катастарска			Површина			Број на градежна парцела градежна	Технички број	Забелешка	Товар
							Основен	Дел	Култура		Класа	x	a	м2				
1	РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА				28527	186	2201	0		ЈАВНИ ПАТ	0			**0**	1	УП-03-2022		
														9823.71				
2	РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА				28527	2077	2223	1	в	р	0			**0**	1			
														74532.97				
3	ШЕФКИ УСЕИНИ	ТЕТОВО	С.ЖЕЛИНО УЛ,,101,,	ББ	28527	2065	389	0	зз	н	3			**3578.15**	1			
														2.94				
4	АРУН МУАРЕМОВ МУАРЕМИ	ТЕТОВО	ЖЕЛИНО		28527	2245	390	0	зз	н	3			**0**	1			
														8609.96				
	ШАБАН ИЉАЗИ	ТЕТОВО	С.ЖЕЛИНО	ББ														
5	АРУН МУАРЕМОВ МУАРЕМИ	ТЕТОВО	ЖЕЛИНО		28527	2244	391	0	зз	н	3			**0**	1			
														703.07				
	ШАБАН ИЉАЗИ	ТЕТОВО	С.ЖЕЛИНО	ББ														
6	НЕЏАТ ЛАТИФИ	ТЕТОВО	С.ЖЕЛИНО	ББ	28527	2260	564	2	зз	л	3			**0**	1			
														3291.32				
	АБДУЛАХИ НЕЏМЕДИН МЕРСАТ	ЖЕЛИНО																
7	НЕЏАТ ЛАТИФИ	ТЕТОВО	С.ЖЕЛИНО	ББ	28527	277	566	0	зз	н	4			**0**	1			
														5632.51				
													Меѓузбир:	3578.15				
										ВКУПНО				**3578.15**				

Датум на генерирање на извештајот:
21-07-2023

Изработил:
Агенција за Катастар на Недвижности

АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ
ГРАФИЧКИ РЕГИСТАР ЗА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

ЕЛЕКТРОНСКИ ЗАПИС

На ден 11.07.2023 во 3:49 PM часот извршена е финална контрола на "Урбанистички Проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела на дел од КП.389, КО. Желино вон гр., за изградба на објект со намена Г2.1 – Згради од лесната градежна индустрија – складови и магацини" со единствен идентификатор број 40235, тип на постапка Урбанистички проект за вон опфат на урбанистички план (нов правилник), број на постапка во е-урбанизам 53342 доставен од страна на ПИКА АРХИТЕКТ ДООЕЛ, од овластен планер ПИКА АРХИТЕКТ ДООЕЛ, со корисничко име pikatet@gmail.com.

По извршената финална контрола се потврдува дека напред наведениот/та, "Урбанистички Проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела на дел од КП.389, КО. Желино вон гр., за изградба на објект со намена Г2.1 – Згради од лесната градежна индустрија – складови и магацини" го исполнува квалитетот од тематски и тополошки аспект.

Овластен планер
ПИКА АРХИТЕКТ ДООЕЛ

Име на документот	Тип на документ	Креирано од	Креирано на	Опис	Дигитален Потпис	
216.АЕК-1404-2579-2	Податоци и информации	jugoslav.srbinovski@aec.mk	20.09.2022 10:12:36		Да	
АД МЕПСО	Податоци и информации	aleksandark@mepso.com.mk	14.09.2022 08:08:07	податоци АД МЕПСО	Не	
izdavanje_podatoci_e_urbanizam	Податоци и информации	Dragan.Nikoloski@evn.mk	12.09.2022 14:34:40		Да	
GIS_Skica	Податоци и информации	Dragan.Nikoloski@evn.mk	12.09.2022 14:34:23		Да	
Odgovor-Telekom	Податоци и информации	Nikolce.Tasevski@telekom.mk	12.09.2022 12:38:39	Допис Македонски Телеком АД Скопје	Да	
Податоци и информации УП КП 389 КО Желино во в пр. пин 45607 sign	Податоци и информации	Tetovo@dzs.gov.mk	07.09.2022 13:15:14		Да	
situacija	Ажурирани геодетски подлоги	info@pka.com.mk	05.09.2022 12:49:14		Да	

Надзорна институција	Датум на испраќање	Датум на одговор	Мислење	Испратено
МЕПСО АД Скопје	05.09.2022	/		
Агенција за електронски комуникации	05.09.2022	20.09.2022		
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА	05.09.2022	/		
ДЗС Тетово	05.09.2022	07.09.2022		
ЕВН_издавање_податоци_е_мислења_планови	05.09.2022	12.09.2022		
Македонски Телеком АД- Скопје	05.09.2022	12.09.2022		
ЈКП, Мирмајтја ,-Желино	05.09.2022	/		
А1 Македонија ДОСЕЛ Скопје	05.09.2022	/		
АД ГАМА	05.09.2022	/		

03 Август 2023

3 Gusht 2023

Архивски број: 09-222/4

До: ПИКА АРХИТЕКТ -Тетово

Предмет: МИСЛЕЊЕ, доставува.-

Врска: Ваш акт бр. 54228 од 27.07.2023
Наш акт бр. 09-222/3 од 27.07.2023

Врз основа на член 53 од Законот за заштита и спасување (Сл. Весник на РМ бр. 93/12 – пречистен текст 41/14, 129/15, 71/16, 106/16) а согласно член 1 и член 88 од Законот за општа управна постапка (Сл. Весник на РМ бр. 124/15) и подзаконските акти, Подрачното Одделение за заштита и спасување – Тетово при Дирекција за заштита и спасување, Ви го доставува следното:

М И С Л Е Њ Е

за застапеноста на мерките за заштита и спасување во текстуалниот дел на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела на дел од КП. 389, КО. Желино вон гр., за изградба на објект со намена Г2.1 – Згради од лесната градежна индустрија – складови и магацини на КП. бр. 389, КО Желино вон гр. - Општина Желино.

Дирекцијата за заштита и спасување - Подрачното Одделение за заштита и спасување - Тетово од извршениот увид на документацијата за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела за изградба на објект со намена Г2.1 – Згради од лесната градежна индустрија – складови и магацини на КП. бр. 389, КО Желино вон гр. - Општина Желино, изработено од “ПИКА АРХИТЕКТ” Тетово со технички број УП-03-2022 и Елаборат за геомеханика изработено од “ГЕОПРОСПЕКТ” Скопје со технички број 0701-46/22 , констатира дека мерките за заштита и спасување во текстуалниот дел се соодветно вградени.

Numri i arkivit: 09-222/4

Drejtuar: PIKA ARKITEKT-Tetovë

Lënda: MENDIM, dorëzon.-

Lidhja: Akti juaj nr. 54228 nga 27.07.2023
Akti ynë nr. 09-222/3 nga 27.07.2023

Në bazë të nenit 53 të Ligjit për mbrojtje dhe shpëtim (G.Zyrtare e RMV-s nr. 93/12 – tekst i konsoliduar 41/14, 129/15, 71/16, 106/16) e në pajtueshmëri me nenin 1 dhe nenin 88 të Ligjit për procedurën e përgjithshme administrative (G.Zyrtare e RMV-s nr. 124/15) dhe aktet nënligjore, Njësia rajonale për mbrojtje dhe shpëtim – Tetovë pranë Drejtorisë për mbrojtje dhe shpëtim, u dorëzon:

M E N D I M

për përfaqësim të masave për mbrojtje dhe shpëtim në pjesën tekstuale për Projekt urbanistik jashtë planit urbanistik për formimin e parcelës ndërtimore në një pjesë të PK. 389, KK. Zhelinë jrn., për ndërtim të objektit me destinacion G2.1 – Ndërtesa të industrisë së lehtë ndërtimore – depo dhe magazina në PK. nr. 389, KK. Zhelinë j.r.n. - Komuna e Zhelinës.

Drejtoria për mbrojtje dhe shpëtim - Njësia rajonale për mbrojtje dhe shpëtim – Tetovë nga inspektimi i dokumentacionit për Projektin urbanistik jashtë planit urbanistik për formimin e parcelës ndërtimore për ndërtim të objektit me destinacion G2.1 – Ndërtesa të industrisë së lehtë ndërtimore – depo dhe magazina në PK. nr. 389, KK. Zhelinë j.r.n., - Komuna e Zhelinës, përgatitur nga “PIKA ARKITEKT” Tetovë me numër teknik UP-03-2022 dhe Elaboratin e gjeomekanikës të përgatitur nga “GEOPROSPEKT” Shkup me numër teknik 0701-46/22 , konstaton që masat për mbrojtje dhe shpëtim në pjesën tekstuale janë të përfshira në mënyrë adekuate.

Дирекција за заштита и спасување
Подрачно одделение ТЕТОВО
Drejtoria për mbrojtje dhe shpëtim
Njësia rajonale Tetovë

Ул.”Љубо Божиновски – Пиш” бб
Република Северна Македонија
Rr. “Ljubo Bozhinovski - Pish” pn
Republika e Maqedonisë së Veriut

www.dzs.gov.mk
Tetovo@dzs.gov.mk

При усвојување на истиот да се почитуваат пропишаните мерки за заштита и спасување и заштита од пожари согласно Правилникот за мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи (Сл. Весник на РСМ бр.231/2020) и Правилникот за технички нормативи за хидрантската мрежа за гасење на пожари(Сл. Весник на РМ бр. 26/2018).

При усвојување на истиот да се почитуваат пропишаните мерки за меѓусебното растојание на градбите согласно Правилникот за мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи (Сл. Весник на РСМ бр. 231/2020).

Предвидените мерки во приложената документација да се реализираат во целост, за нереализирано на истите одговорноста е на товар на инвестиорот.

Gjatë miratimit të së njëjtës të respektohen masat e përshkruara për mbrojtje dhe shpëtim dhe mbrojtje nga zjarri në përputhje me Rregulloren për masat për mbrojtjen nga zjarret, shpërthimet dhe substancat e rrezikshme (Gazeta Zyrtare e RMV nr. 231/20120) dhe Rregulloren për normat teknike për rrjetin e hidrantëve për shuarjen e zjarrit (Gazeta Zyrtare e RMV nr. 26/2018).

Gjatë miratimit të së njëjtës të respektohen masat e përshkruara për distancën e ndërsjellë të ndërtesave në përputhje me Rregulloren për masat për mbrojtjen nga zjarret, shpërthimet dhe substancat e rrezikshme (Gazeta Zyrtare e RSM nr. 231/2020).

Masat e parashikuara në dokumentacionin e bashkëngjitur të zbatohen plotsisht, për moszbatimin e tyre përgjegjësia është e investitorit.

Изработил: Përgatiti: Natmir Selmani

РАКОВОДИТЕЛ / UDHËHEQES
ARIF ARIFI

Доставено до / Dorëzuar:
- Насловот / Titullit
- Архива / Arkivit

Дирекција за заштита и спасување
Подрачно одделение ТЕТОВО
Drejtoria për mbrojtje dhe shpëtim
Njësia rajonale Tetovë

Ул. "Љубо Божиновски – Пиш" бб
Република Северна Македонија
Rr. "Ljubo Bozhinovski - Pish" pn
Republika e Maqedonisë së Veriut

www.dzs.gov.mk
Tetovo@dzs.gov.mk

Наш број: 1404-2579/2
Скопје: 19.09.2022г.

ДО:
ПИКА АРХИТЕКТ ДООЕЛ експорт-импорт Тетово

Предмет: Одговор на барање за податоци за ТК мрежи
Врска: Ваше барање преку е-урбанизам

Во врска Вашето барање за доставување на податоци за изградени јавни електронски комуникациски мрежи, а во врска со изработка на : Урбанистички Проект за се изработува Урбанистички проект за формирање на градежна парцела за изградба на објектот на КП.389, КО.Желино вон гр. со намена Г2.1 – Згради од лесната градешна индустрија – фабрички комплекси, индустриски работилници,складови, хали за монтажаскладови, топлани, генераторски станици и слично, погони и бази за призводство на асфалт и бетон, ве известуваме дека на посочената локација Агенцијата за електронски комуникации нема податоци за изградени јавни електронски комуникациски мрежи и системи.

Сектор за телекомуникации
Изработил: Ј.Србиновски

Раководител на Сектор,
д-р Борис Арсов

ДИРЕКТОР:
Jeton Akiku

АЕК-401.03

ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје
Друштво за дистрибуција на електрична енергија
Бр. 10-26/7-240 од 05.09.2022

Скопје

Одговорно лице: Драган Николоски

Контакт телефон: 02 3205 300 – 41 308

Предмет: Издавање на податоци за електроенергетски објекти и инфраструктура од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, Скопје

Почитувани,

Во врска со Вашиот допис од 05.09.2022 година, со кој барате да Ви издадеме податоци за електроенергетски објекти и инфраструктура од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, Скопје за изработка на Урбанистички проект за формирање на градежна парцела за изградба на објектот на КП.389, КО.Желино вон гр. со намена Г2.1 – Згради од лесната градешна индустрија – фабрички комплекси, индустриски работилници,складови, хали за монтажаскладови, топлани, генераторски станици и слично, погони и бази за призводство на асфалт и бетон, Ве известуваме дека во согласност со податоците од службената евиденција, располагаме со следните податоци:

☐ 110(35)kV Трафостаница
☐ 110kV Подземна мрежа
☐ 110kV Надземна мрежа
☐ 35kV Подземна мрежа
☐ 35kV Надземна мрежа
☐ 10(20)/0.4kV Трафостаница
☐ 10(20)kV Подземна мрежа
☐ 10(20)kV Надземна мрежа
☐ 0.4kV Подземна мрежа
☐ 0.4kV Надземна мрежа
☒ Друго Во доставениот плански опфат, не постојат елекроенергетски објекти и инсталации соопственост на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје

Составен дел на овој одговор е и прилог – графички приказ (подлога во pdf и dwg формат со соодветно обележани леери) со вцртани електроенергетски објекти и инфраструктура според податоците од службената евиденција.

НАПОМЕНА: Податоците кои ви ги даваме се од наша службена евиденција и постои можност да има отстапување во точноста на координатите на електроенергетските објекти на терен. Задолжително да се изготви ажурирана геодетска подлога која треба точно да ги претставува положбените и висинските податоци за сите видливи природни и изградени објекти под и над површината на земјата во рамки на опфатот.

Задолжително да се предвиди заштитен појас на електроенергетските објекти согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија

Доколку при изведбата на објектот е потребна дислокација на електроенергетските објекти и постројки на ЕВН Македонија АД Скопје инвеститорот е должен да ги надомести трошоците за дислокација.
Во случај на настанување на штета на електроенергетските објекти, инвеститорот е должен да ја надомести штетата на ЕВН Македонија АД Скопје.


При постоење на подземна инфраструктура во дадениот опфат, потребно е да се обратите до најблискиот Корисничко Енерго Центар, за проценка дали е потребно присуство на стручен вработен на лице место при реализирањето на активностите во предметниот опфат.

Потврдата е од ограничено времетраење во рок од 3 месеци од датумот на нејзиното издавање.

Со почит,

Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје
Оддел Мрежен Инженеринг

Датум: 06.09.2022



Македонски Телеком АД, Кеј 13-ти Ноември бр. 6, 1000 Скопје

Бр: 45607
Дата: 12.09.2022

До
Друштво за градежништво и архитектонски услуги
ПИКА АРХИТЕКТ ДООЕЛ експорт-импорт Тетово

Ваше упатување Барање на податоци и информации

Наше контакт лице Перо Ѓорѓески, Елизабета Манева

Телефон +389 70 200 736; +389 70 200 571

Во врска со Известување за планирани и постојни тк инсталации

Почитувани,
Во врска со Вашето Барање, добиено преку системот е-урбанизам, со кое што барате податоци за изработка на Урбанистички Проект за се изработува Урбанистички проект за формирање на градежна парцела за изградба на објектот на КП.389, КО.Желино вон гр. со намена Г2.1 – Згради од лесната градешна индустрија – фабрички комплекси, индустриски работилници, складови, хали за монтажаскладови, топлани, генераторски станици и слично, погони и бази за призводство на асфалт и бетон, Ве известуваме дека во границите на планскиот опфат нема постојна МКТ инфраструктура.

Напомена: Информациите содржани во овој документ се доверливи и тие се наменети за користење само од страна на примателот. Примателот е обврзан да превземе разумно ниво на грижа заради заштита на доверливите информации содржани во документот. Воедно, примателот е обврзан документот или било кој дел од неговата содржина да не го открива или дистрибуира на трети лица кои не се засегнати со актуелниот предмет, а заради спречување на можни злоупотреби.

Со почит,

Македонски Телеком АД Скопје

По овластување на

Директор на сектор за пристапни мрежи

Васко Најков

МЕПСО

Максим Горки бр.4, 1.000 Скопје

Т: Кабинет на генерален директор
+ 389 (0) 2 3 149 811

Подружница ОЕЛС
+ 389 (0) 2 3 149 814

Подружница ОПМ
+ 389 (0) 2 3 149 813

Ф: + 389 (0) 2 3 111 160

www.mepso.com.mk

До

ПИКА АРХИТЕКТ

ул. ЈНА бр. 37/1-3

Тетово

Бр.11-4819/1

12.09.2022

Предмет: Податоци за постојни и планирани електроенергетски објекти

Врз основа на Вашето барање од 05.09.2022 год., предмет креиран на Е-урбанизам на 05.09.2022 година со број на постапка 45607 (наш број 11-4819 од 07.09.2022 година) за податоци и информации потребни за изработка на Урбанистички проект за формирање на градежна парцела за изградба на објект на КП 389, КО Желино вон г.р со намена Г2.1 – згради од лесна градежна индустрија – фабрички комплекси, индустриски работилници, складови, хали за монтажа, топлани, генераторски станици и слично, погони и бази за производство на асфалт и бетон, Ве известуваме дека предметниот плански опфат **НЕ СЕ ПРЕСЕКУВА** со ЕЕ објекти во сопственост на АД МЕПСО.

Изработил: Александар Костевски

Проверил: Весна Чингоска

по овластување од Генерален директор
бр.02-10/112 од 06.03.2019 год.
Раководител на Служба за ГИС
и геодетски работи

07 Септември 2022

Архивски број:
Бр: 09-268/2

До: "ПИКА АРХИТЕКТ"-ДООЕЛ

Предмет: Податоци и информации, доставува,-

Врска: Ваш акт 45607 од 05.09.2022 година.
Наш акт бр.09-268/1 од 05.09.2022 година.

Согласно член 32 став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање а врз основа на член 53 од Законот за заштита и спасување (Сл. Весник на РМ бр. 93/12 – пречистен текст 41/14, 129/15, 71/16, 106/16), Подрачното одделение за заштита и спасување –Тетово при Дирекција за заштита и спасување, информира:

Почитувани,

Ве известуваме дека Дирекцијата за заштита и спасување не располага ниту има податоци за постоечка или планирана инфраструктура на планскиот опфат за изработка на **Урбанистички проект за формирање на градежна парцела за изградба на објектот на К.П.389 К.О.Желино вон гр. , со намена Г2.1 – Згради од лесната градешна индустрија–фабрички комплекси, индустриски работилници, складови, хали за монтажаскладови, топлани,генераторски станици и слично, погони и бази за призводство на асфалт и бетон.**

Воедно Дирекцијата за заштита и спасување Ви доставува претходни услови за заштита и спасување кои согласно Законот за заштита и спасување - пречистен текст (Сл. весник на РМ, бр. 93/12), Проценатa на загрозеност на опфатот за кој се однесува деталниот урбанистички план, Уредбата за начинот на применување на мерките за заштита и спасување при планирање на просторот и населбите, во проектите и при изградба на објектите, како и учество во технички преглед (Сл. весник на РМ, бр. 105/05) и други прописи кои ја регулираат оваа област, треба да бидат вградени при изработка **Урбанистички проект за формирање на градежна парцела за изградба на објектот на К.П.389 К.О.Желино вон гр., со намена Г2.1 – Згради од лесната градешна индустрија–фабрички комплекси, индустриски работилници, складови, хали за монтажаскладови, топлани,генераторски станици и слично, погони и бази за призводство на асфалт и бетон.**

Дирекција за заштита и спасување
Подрачно одделение ТЕТОВО
Drejtoria për mbrojtje dhe shpëtim
Njësia rajonale Tetovë

Ул."Љубо Божиновски – Пиш" бб
Република Северна Македонија
Rr. "Ljubo Bozhinovski - Pish" pn
Republika e Maqedonisë së Veriut

www.dzs.gov.mк
Tetovo@dzs.gov.mk

Во делот **МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ,** да се опфатат следните мерки:

1. **ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОЖАРИ, ЕКСПЛОЗИИ И ОПАСНИ МАТЕРИИ**

При изработка на планската документација треба да се почитуваат пропишаните мерки за заштита од пожари, согласно Законот за заштита и спасување (Сл. Весник на РСМ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 18/11 и 93/12), Законот за пожарникарство (Сл. Весник на РСМ бр 67/04, 81/07, 55/13) и другите позитивни прописи со кои е регулирана оваа област. Да се да се почитуваат пропишаните мерки за заштита од пожари согласно Правилникот за мерките за заштита од пожари ,експлозии и опасни материи (Сл. Весник на РСМ бр.231/2020).

Исто така потребно е да се предвидуваат надворешни противпожарни хидранти што одговара на прописите за надворешните противпожарни хидранти во населени места и да се овозможи непрчен пристап за противпожарните возила од најмалку две спротивни страни на објектот. Растојанието на хидрантите од ѕидот на објектот изнесува најмалку 5метри, а најмногу 80метри.

Потребно е да се реши меѓусебно растојание на градбите при проектирањето и изведувањето согласно Правилникот за мерките за заштита од пожари ,експлозии и опасни материи (Сл. Весник на РСМ бр.231/2020);

2. **ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД УРНАТИНИ**

Заштитата од урнатини, како превентивна мерка, се утврдува во урбанистичките решенија во текот на планирање на просторот, урбанизирање на населбите и изградбата на објектите.Во урбанистичките решенија се утврдува претпоставениот степен на урнатини, нивниот однос према слободните површини и степенот на проодност на сообраќајниците. При проектирањето да се води сметка да не се создаваат тесни грла на сообраќајниците и зони на тотални урнатини.Заштитата од урнатини се обезбедува со изградба на оптимално отпорни објекти согласно сеизмолошката карта на РСМ, кои се изградени со помала количина на градежен материјал и релативно помали тежини.

3. **ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОПЛАВИ, УРИВАЊЕ НА БРАНИ И ДРУГИ АТМОСФЕРСКИ НЕПОГОДИ**

При изработка на Планска Документација да се предвидат и пропишат мерките за заштита од поплави, уривање на брани и други атмосверски непогоди согласно Законот за заштита и спасување (“Службен весник на РМ” бр. 36/04, 49/04 и 86/08), и другите позитивни прописи со кои е регулирана оваа област.

4. **ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД СВЛЕКУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО**

При изработка на планска документација, со оглед на конфигурацијата на теренот, претпоставува можно настанување на свлекување на земјиштето, потребно е да се изготви елаборат од извршени геомеханички, геолошки и хидролошки испитувања.

Дирекција за заштита и спасување
Подрачно одделение ТЕТОВО
Drejtoria për mbrojtje dhe shpëtim
Njësia rajonale Tetovë

Ул. "Љубо Божиновски – Пиш" бб
Република Северна Македонија
Rr. “Ljubo Bozhinovski - Pish” pn
Republika e Maqedonisë së Veriut

www.dzs.gov.mк
Tetovo@dzs.gov.mk

5. РАДИОЛОШКА, ХЕМИСКА И БИОЛОШКА ЗАШТИТА И ЗАШТИТА ОД ТЕХНИЧКО-ТЕХНОЛОШКИ КАТАСТРОФИ

Да се предвидат мерките за радиолошка, хемиска и биолошка заштита и заштита од техничко-технолошки катастрофи

6. ЗАСОЛНУВАЊЕ

Да се реши засолнувањето согласно критериумите од член 62 и 64 од Законот за заштита и спасување-пречистен текст (“Сл. Весник на РМ“ бр. 93/12).

Согласно Проценатa на загрозеност од природни непогоди и други несреќи на опфатот за кој се однесува планската документација, а имајќи ги предвид одредбите од Законот за заштита и спасување-пречистен текст (“Сл. Весник на РМ “бр. 93/12), може да се вградат и други мерки за заштита и спасување.

